РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 01-357/1
17.06. 2025 год.
ВЕЛЕС

# ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

## „Јовче Тесличков“ – Велес

## ИЗВЕШТАЈ ОД

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

## 2023 – 2025

**Јуни, 2025**

# С О Д Р Ж И Н А


Вовед ........ 3

Лична карта на училиштето ........ 4

Образовни профили/квалификации ........ 7

Тимови за проведување на самоевалуацијата ........ 8

- Подрачје 1. Наставни планови и програми ........ 9
- Подрачје 2. Постигања на учениците ........ 18
- Подрачје 3. Учење и настава ........ 27
- Подрачје 4. Поддршка на учениците ........ 45
- Подрачје 5. Училишна клима ........ 56
- Подрачје 6. Ресурси ........ 67
- Подрачје 7. Управување, раководење и креирање политика ........ 82

## Вовед

Процесот на спроведување и изготвување на Извештајот од Самоевалуација се спроведе од страна на сите наставници во училиштето. Согласно индикаторите за квалитет, беа формирани седум тимови и секој тим составен од членови и координатор на тимот кој континуирано соработуваше со иректорот и педагогот на училиштето и општинскиот просветен инспектор. Тимовите работеа посветено, со критички став, спроведувајќи истражувања и носеа заклучоци од спроведените анализи. Ги истакнаа јаките и слабите страни увидени во подрачјето како и приоритетите за наредниот период.

Самоевалузацијата ја правиме со цел да добиеме увид во работењето на колективот и наставниот процес. Преку овој процес добиваме слика колку воспитно-образовниот процес го водиме успешно, односно, дали енергијата која ја вложуваме за подобрување на општата слика е правилно насочена. Наставниците, заедно со директорот и стручната служба, се вложуваат за мотивирање на учениците за постигнување на квалитетни знаења и стимулирање на развојот на младата личност во целина. Ефикасното работење е фокус на сите вработени со цел да постигнеме ефекти во воспитно-образовниот процес.

Изработката на самоевалуацијата преку објективен пристап и критички став, ќе ни помогне да ја видиме реална слика во остварувањето на мисијата и визијата на училиштето. Седумте подрчја кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето помагаат систематски да се пристапи кон скенирање на работата и можност да се планираат понатамошните активности. Преку самоевалуација ги идентификуваме областите за кои е потребно подобрување кон пристапот на работа со цел да се унапреди работата на училиштето.

Преку поставување на приоритетни подрачја во самоевалуацијата училиштето си поставува и цели за идна реализација. На овој начин добиваме увид на кои аспекти да ги подобриме вложувањата и трудот. Утврдените приоритети ќе го подобрат животот и работата во училиштето и ќе го унапредат целокупниот воспитно-образовен процес.

## Лична карта на училиштето

**Име на училиштето:** ОСУ„Јовче Тесличков”-Велес

**Адреса:** Кукушка бр.37, Велес

**Телефон:**076/355-858; 043/231-098

**e-mail:** usojtv@yahoo.com

**web:** https://jovceteslickov.edu.mk

ОСУ„Јовче Тесличков“ - Велес е училиште кое низ годините се развива и надоградува со образување на кадри од секторот економија, право и трговија за потребите на стопанството и општествените активности во Општина Велес и во други општини во регионот. Традицијата што училиштето ја негува е воспоставување на социјално партнерство и едуцирање на кадар согласно потребите на општеството, притоа земајќи го во предвид фактот дека ниту една институција или претпријатие не може да функционира доколку во своите редови нема вработени кадри од овој сектор.

ОСУ„Јовче Тесличков“ е лоцирано во центарот на Велес, во населбата Дворови.



ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес започнува со работа од 1956 – 57 година. До 31.08.1960 год. училиштето работеше во склоп на Гимназијата „Кочо Рацин“ како економска паралелка при Гимназијата. Како самостојно училиште започнува да функционира од 1960 година со Решение на народниот одбор на Титовелешката околија бр. 01 – 7269 од 14.09.1960 год. Од 1963-64 година училиштето работи во зградата на старата Гимназија заедно со ЦОУ „Благој Кирков“. Од Март 1975 год. училиштето работи во реновираната зграда со ЦОУ „Благој Кирков“ во две смени.

Од своето создавање, училиштето континуирано настојува да ги исполнува условите за успешно реализирање на воспитно – образовната дејност. Од 1984 год. се вклопи во новата концепција за насочено образование и го менува името во училиште за средно образование од економска – трговска и правна струка. Од учебната година 2004 – 2005 во ова училиште е воведена економско – правна и трговска струка, а од 2018/2019 образованиот процес се реализира преку модуларно дизајнирани наставни програми во секоторот економија, право и трговија.

Од учебната 2006 – 2007 година е надминат просторниот проблем кој се протегаше од самото создавање на училиште со тоа што беше извршена алокација на училиштето со Одлука бр. 0701 – 2609/4 од 14.07.2006 година од страна на советот на општина Велес. Својата дејност од 2006 – 2007 година, ОСУ „Јовче Тесличков“ започна да ја извршува во поранешната училишна зграда на ОУ„Трајко Андреев“. Со извршената реконструкција се создадоа услови за прифаќање на сите ученици за изведување на настава во една смена од 01.09.2006 година.

ОСУ „Јовче Тесличков“ денес претставува еминентна воспитно – образовна институција во која се практикува квалитетно образование, поттик и поддршка на развојот на учениците. Наставата се одвива во современи услови за учење, опремени училници со ЛЦД пректори и интерактивни табли, се негува тимска работа, а активностите прилагодени на потребите, можностите и интересите на учениците. Училиштето остварува резултати и во голем дел допринесува зазадоволување на кадровските потреби во нашиот град и регионот. Во ОСУ„Јовче Тесличков“ се образувале кадри кои дале голем допринес во градот и републиката.

**За ликот и делото на патронот**



Јовче Тесличков е роден на 17 октомври 1925 година во Велес, во сиромашна работничка фамилија. Уште како дете ја почувствувал сиромаштијата и тешкиот живот кој бил наметнат од ненародниот режим на стара Југославија. Татко му Димко едвај го прехранувал своето семејство од нередовната плата која ја примал работејќи во монополот.Основното образование го оформува во училиштето „Св. Ѓорѓи”, а го продолжува во Велешката гимназија.

Окупацијата на својата земја го затекнува во родното место. Како гимназијалец Јовче се движи меѓу напредната младина, поради што и ја проучува марксистичка литература. Како резултат на неговата извонредна активност во раскинкувањето на Бугарскиот окупатор и Бугарските школски

власти во гимназијата, во 1942 година е примен за член на СКОЈ. Активно учествува во тридневниот штрајк на гимназијалците во март 1942 година.Со формирањето на Осмата велешка бригада на 2 септември 1944 година во село Отиштино, Јовче стапува во нејзините редови. Како борец на бригадата активно учествува во борбите што се водат за ослободувањето на нашата земја од окупаторот и домашните предавници.Јовче како борец на вториот Баталјон на бригадата, а како Скоевец на должност е како делегат во вод. Како борец и Скоевец бил безстрашен, дисциплиниран, примерен и сакан од сите борци. А како резултат на неговата борба и политичка активност во првите денови на октомври е предложен за комесар на чета.

Ова унапредување допринесува Јовче да биде поактивен. Меѓутоа овој младешки полет на Јовче Тесличков е згаснат со неговото заминување.

Јовче Тесличков загинува на само 19 години од својот живот, кога требаше и понатаму да се бори и да ја дочека саканата слобода за која во текот на животот чезнеел.

Неговиот светол лик на младите генерации треба да и служи како пример за тоа како треба да се брани и чува слободата.

**Структурата на вработени во училиштето е следната:**

| Работно место | Степен на стручна оспособеност | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Докторат | Магистратура | VII - 1 | VI | IV | |
| Директор | / | 1 | / | / | / | **1** |
| Наставен кадар | / | 5 | 26 | / | / | **31** |
| Стручен соработник - Психолог | / | / | 1 | / | / | **1** |
| Стручен соработник - Педагог | / | / | 1 | / | / | **1** |
| Советник за адинистративно-правни работи - Секретар | / | / | 1 | / | / | **1** |
| Хигиеничар | / | / | / | / | 2 | **2** |
| Хаусмајстор | / | / | / | / | 1 | **1** |
| Ноќен чувар | / | / | / | / | 1 | **1** |

## Образовни профили / квалификации

Наставата во училиштето се реализира преку наставни планови и програми од струка/сектор Економско-правна и трговска/Економија, право и трговија, во следните образовни профили со:

| Струка / Сектор | Образовен профил / квалификација | Времетраење на образованието |
|---|---|---|
| Економско-правна и трговска / Економија, право и трговија | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг | четиригодишно |
| | Економски техничар | четиригодишно |
| | Правен техничар | четиригодишно |
| | Бизнис администратор | четиригодишно |
| | Продавач – референт за продажни услуги | тригодишно |
| | Асистент деловен администратор | тригодишно |

Наставата се реализира во класични паралелки и дуални паралелки (во соработка со компании) преку модуларно дизајнирани наставни програми кои содржат задолжителни општообразовни и стручни предмети, изборни модули со стручни предмети, содржини програмирани од училиштето, а застапено е и практичното образование:

- преку предметот Учење преку работа кај работодавач во текот на цела наставна година и тоа:
  - класични паралелки со неделен фонд од 4 наставни часови во трета и 6 наставни часови во четврта година;
  - дуални паралелки со неделен фонд од 4 наставни часови во втора, 8 наставни часови во трета и 10 наставни часови во четврта година;
- Феријална практика, за време на летниот распуст:
  - Во четиригодишното образование по завршувањето во прва, втора и трета година, во траење од 10 работни денови, а за дуалните паралелки феријалната практика е во траење од 10 работни денови по завршување на прва, 15 работни денаови по завршување на втора и 20 работни денови по завршување на трета година;
  - Во тригодишното образование по завршување на прва и втора година, во траење од 15 работни денови.

## Тимови за спроведување на самоевалуацијата

| Педагошки тим |
|---|
| **Директор:** м-р Васко Трајковски<br>**Педагог:** Билјана Коџабашиева |

| Подрачје 1<br>Наставни планови и програми | Подрачје 2<br>Постигања на учениците | Подрачје 3<br>Учење и настава |
|---|---|---|
| **Координатор:**<br>Ирена Станчева<br>**Членови:**<br>Орхидеја Хаџи Петрушева Јованова<br>Димитар Кичуков<br>Наташа Михова | **Координатор:**<br>Ренат Софијанова Николова<br>**Членови:**<br>Жаклина Ивановска Зафирчева<br>Горан Цветановски<br>Суат Усејнов | **Координатор:**<br>Панче Иванов<br>**Членови:**<br>Каролина Манаскова<br>Марјан Пракицов<br>Соња Савевска |

| Подрачје 4<br>Поддршка на учениците | Подрачје 5<br>Училишна клима |
|---|---|
| **Координатор:**<br>Марија Панчевска<br>**Членови:**<br>Радмила Андовска<br>Методија Бузалковски<br>Дене Јакимовски | **Координатор:**<br>Бранка Андовска<br>**Членови:**<br>Македонка Миланова<br>Љупчо Петров<br>Биљана Стефаноска |

| Подрачје 6<br>Ресурси | Подрачје 7<br>Управување, раководење и креирање политики |
|---|---|
| **Координатор:**<br>Маја Талеска Панова<br>**Членови:**<br>Нада Јованова<br>Ангелина Мачавелова<br>Златко Гуцев | **Координатор:**<br>Марија Левкова Куновска<br>**Членови:**<br>Антонио Пановски<br>Милка Петровски |

## Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето
## Подрачје 1. Наставни планови и програми

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.1 | Реализација на наставните планови и програми | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Планирање на активности за реализација на слободните часови / проектните активности во училиштето<br>• Реализација на проширени програми |
| 1.2 | Квалитет на наставните планови и програми | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми  и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>• Влијание  на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |
| 1.3 | Воннаставни активности | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |

## Индикатор 1.1 Реализација на наставните планови и програми

| | |
|---|---|
| **Теми** | • **Применувани наставни планови и програми**<br>• **Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>• **Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br>• **Избор на наставни предмети**<br>• **Планирање на активности за реализација на проектните активности во училиштето**<br>• **Реализација на проширени програми** |

| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
|---|---|
| • Наставни планови и програми од Министерството за образование и наука<br>• Тематски планирања на наставниците<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Анкети со наставници<br>• Анкети со родители<br>• Интервју со директорот на училиштето<br>• Интервју со стручната служба на училиштето<br>• Програма за работа на ученичката заедница | Во нашето училиште Наставните планови и програми кои се применуваат се во согласност со донесените акти од Министерството за образование и наука. На почетокот на секоја учебна година учениците се запознаваат со наставните планови и програми и пред обработка на секоја модуларна единица по наставниот предмет. На родителите им се достапни Наставниот план и програма за работа преку родителските состаноци на почетокот од секоја учебна година, а истовремено ги имаат на увид и наставните планови и програми по предмети и подрачја и индикаторите за оценување на учениците. Родителите не можат да влијаат при изработката на наставните планови;<br><br>Наставниците уредно водат Е-дневник, како единствен начин на евиденција за учениците од кој родителите може да се информираат за успехот и редовноста на учениците и планирањето и реализацијата на наставните планови и програми. Стручната служба континурино ја проверува примената на наставните планови и програми преку постојан увид на планирањата и следење на наставните часови. Училиштето има капацитет наставните планови и програми да ги прилагодува според потребите и можностите на ученици со посебни образовни потреби кои се вклучени во редовната настава. За таа цел наставниците изготвуваат индивидуални планирања. Изготвувањето на ИОП по модуларни единици се прави според временска рамка, со диференцирани цели и користење на соодветни стратегии за реализација на истите.<br><br>Учениците имаат целосна слобода при избор на изборни предмети во трета и четврта година согласно наставниот план без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус. Изборот се врши во втора година преку писмено изјаснување (анкета) на секој ученик и согласност на родителите.<br><br>Содржини програмирани од училиштето се реализираат во согласност со наставни програми од прва до четврта година, при што за секој ученик се води ученичко досие и се |

| | |
|---|---|
| | изработуваат проектни задачи.<br><br>Како дел од годишната програма се изработува посебна програма за Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем со еколошки активности за денот на екологијата и проектот Генералка викенд, а со цел јакнење на свеста за заштита на животната средина. Училиштето изготвува и програма за развој на меѓуетничка интеграција и толеранција во училиштата, преку вклучување на МИО активности во наставниот предмет. |

## Индикатор 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

| **Теми** | • **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала**<br>• **Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br>• **Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**<br>• **Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Наставни планови и програми донесени од Министерството за образование и наука<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Тематски планирања на наставниците<br>• Педагошка | Наставниците редовно посетуваат обуки, семинари, едукативни работилници, стручни предавања и трибини, со цел подобрување и унапредување на наставниот процес. На новите наставници-приправници им се назначува наставник-ментор кој им помага и ги насочува при изработката на годишните, тематските и дневните планирања и при нивната реализација. Наставниците согласно расположливите наставни средства и помагала имаат можност да ги осовременуваат наставните програми и да ги прилагодуваат на индивидуалните способности на учениците при нивната реализација;<br><br>**Направени се анкети со наставниците во врска со наставните планови и програми:**<br>- Дека реализацијата на наставните програми одредени од МОН (БРО) на РСМ е многу значајна сметаат 68% од анкетираните наставници, а 78% сметаат дека истата се реализира во целост;<br>- Анкетираните наставници сметаат дека користењето на техники за реализација на |

| | |
|---|---|
| евиденција и документација<br>• Анкети со наставници<br>• Анкети со родители<br>• Анкети со ученици<br>• Интервју со директорот<br>• Интервју со стручната служба на училиштето<br>• Записници од стручни активи<br>• Нормативни акти на училиштето<br>• Записници од наставнички совет,<br>• Програмата за работа на ученичката заедница,<br>• Статут на училиштето,<br>• Прилагодени наставни програми за деца со посебни образовни потреби<br>• Записници од спроведени анкети за изборни предмети и проширена програма<br>• Записници од Училишен | наставата е значајно и примената на ИКТ е присутна во наставниот процес, со цел полесно совладување на наставните содржини од страна на учениците со користење на наставни средства и помагала;<br>- Посебно значајно е што наставните содржини се во согласност со потребите на пазарот на трудот;<br>- Наставниците редовно и успешно реализираат дополнителна и додатна настава и применуваат критериуми за оценување на учениците;<br>- Анкетираните наставници сметаат дека дел од содржините на реформираните модуларни програми имаат недостатоци и тоа висок стил на прилагодување според возраста на учениците, недостиг на учебници по одредени наставни предмети;<br>- Во наставните планови не е нарушена родовата и етничката рамноправност;<br>**Анкетираните родители** сметаат дека наставните планови и програми се во согласност со очекувањата и интересите на учениците и значајно е што 61% се задоволни од начинот и квалитетот на реализација на наставните планови и програми.<br>- 69% од родителите сметаат дека е многу значајно што наставните содржини се интегрираат во наставните програми;<br>- Од анкетата може да се забележи дека родителите се информирани за учество на учениците во секции по одделни предмети во училиштето и вонднаставни активности, целосно се почитува правото на избор на изборни наставни предмети;<br>- Посебно важно е што наставните програми овозможуваат успешно вклучување на ученикот во работните производствени процеси;<br>- Родителите се информирани за проектите што се реализираат со учениците во и надвор од училиштето;<br>Од анкетите со учениците во врска со наставните планови и програми можеме да заклучиме дека наставниците ги запознале со наставните планови и програми, со исклучок на мал дел од нив сметаат дека некои наставници не ги запознале со истите.<br>- Учениците сметаат дека стручната служба им дава поддршка на учениците со потешкотии во учењето и на талентираните ученици;<br>- Најголемиот дел од учениците сметаат дека наставните планови и програми се соодветни на нивната возраст. |

| | |
|---|---|
| одбор,Совет на родители,Ученичка заедница<br>• Одобрени апликации на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност<br>• Брошури<br>• Интернет страница на училиштето | **Од анкетата со директорот** на училиштето можеме да заклучиме дека училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми.<br>- Училиштето целосно има изработено инструмент за следење на педагошката документација на наставниот кадар;<br>- Училиштето дава целосна подршка на наставниот кадар при имплементација на наставните планови и програми.<br>**Од анкетата со педагошко-психолошката служба** можеме да заклучиме дека училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми.<br>- Преку посебно избрани содржини на часовите на класната заедница се спроведуваат активности во рамките на „Образование за животни вештини“ преку кои се поттикнува емоционалниот, личниот и социјалниот развој на учениците од различна родова и етничка припадност;<br>- Во фокусот на активностите  во нашето училиште се и родовата и етничката рамноправност, како и мултикултурниот сензибилитет и се дел од Проектот за унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција во основните и средните училишта. Дел од активностите се реализираат во рамките на редовната настава преку интегрирање на наставните содржини, одржување работилници на часовите на класната заедница, заеднички активности на учениците од паралелките кои следат наставана на различен јазик, активности со ученичката заедница,  локалната средина;<br>- Нашето училиште ги следи приориотетите на општината и според можностите имплементира содржини и активности кои се поврзани со културата и традицијата на локалната средина;<br>- За Содржини програмирани од училиштето се применуваат наставните програми изготвени од ЦСОО и од училишен тим, со кои се поттикнува соработка на образованието со локалната заедница и бизнис секторот. На тој начин дел од учениците изведуваат практична обука надвор од училиштето. Во програмата за практична настава имплементирани се искуства од други европски образовни системи;<br>- Училиштето има можност и капацитет да ги прилагодува наставните планови и програми според можностите на учениците со посебни образовни потреби;<br>- Се поставуваат и посебни цели при планирањето на наставните содржини кои се однесуваат на развивање и јакнење на еколошката свест кај учениците, почитување на различностите, поттикнување и развивање на претприемничките вештини; |

| | |
|---|---|
| | - Во училиштето има можности за интегративен пристап повеќе наставни предмети. Преку меѓусебен договор или на ниво на стручни активи се врши разработка на една тема од повеќе наставни предмети;<br>Спроведените анкети укажуваат на потреба од ревидирање на постоечките програми заради следење на динамичните промени во струката и приближување кон стандардите на европскиот кредит трансфер систем на средното стручно образование. Исто така, поголема слобода во приодот на реализација на целите на наставните програми од страна на наставникот ќе овозможи полесно остварување на поставените цели. На своите состаноци стручните активи во училиштето постојано дискутираат за потребите на наставниците поврзани со наставните планови и програми донесени од БРО, и мислењата, ставовите и предлозите кои се донесуваат се испраќаат до МОН и БРО. Заеднички заклучок од стручните активи е фактот што за најголем дел од предметите сеуште нема учебници. |

## Индикатор 1.3 Воннаставни активности

| **Теми** | • **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>• **Опфатеност на учениците со воннаставните активности**<br>• **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**<br>• **Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Програми за дополнителна, додатна и за други воннаставни активности на наставниците | Во согласност со потребите и интересите на учениците во нашето училиште редовно се планираат и реализираат голем број воннаставни активности меѓу кои:<br>- ученички екскурзии<br>- грижа за здравјето на учениците<br>- спорт и рекреација на учениците,<br>- ученички натпревари,<br>- организирање на разни манифестации и програми<br>- еколошките акции, |

| | |
|---|---|
| • Педагошка евиденција и документација<br>• Пофалници, признанија и дипломи од учество на манифестации и натпревари<br>• Анкети со наставници и анкети со ученици<br>• Интервју со стручна служба<br>• Интервју со директор на училиштето<br>• Записници од стручни активи<br>• Веб портал на училиштето<br>• Фејсбук профил на училиштето<br>• Одобрени апликации на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност | - активностите за унапредување на мултикултурализмот, меѓуентичката интерација и толеранција,<br>- посета на деловни субјекти, институции и манифестации<br>- општествено корисна работа, заштитата на околината и природата, работните акции за уредување на училиштето,<br>- редовните секции во училиштето,<br><br>Во воннаставните активности се вклучени поголемиот дел од нашите ученици и истите им обезбедуваат услови за личен и социјален развој, без оглед на полот, етничката припадност и нивниот социјалниот статус. Учениците се вклучени во општински, регионални и државни натпревари од различни предмети и области и редовно освојуваат награди и признанија;<br><br>Спроведените анкети покажуваат дека планирањето на воннаставните активности го врши наставникот во соработка со самите ученици кои се вклучени во таквата активност. Воннаставните активности подеднакво нудат можност за еднакво вклучување на машки и женски ученици. Учениците го избираат своето учество во воннаставните активности според сопствените афинитети, желби и можности. Воннаставните активности поттикнуваат позитивен став кон наставните предмети, кон учењето и кон наставниците во училиштето да бидат креативни и подржувачки ментори на училиштето;<br><br>Училиште има цел да ги мотивира и поддржува учениците да се вклучуваат во воннаставни активности во што поголем број, да работат на проекти, да учествуваат на натпревари и манифестации и да постигнуваат успеси од различни области. Учениците редовно учествуваат на натпревари по информатика, математика, англиски јазик, јавно говорење, спортски натпревари, државниот натпревар МАССУМ, како и на бројни литературни и уметнички конкурси од други училишта и често постигнуваат значајни успеси и добиваат награди. Воннаставните активности им овозможуваат на нашите ученици да ги одбегнат негативните влијанија кои се присутни кај младата популација (девијантни однесувања на учениците), се проширувaат сознанијата на учениците, се поттикнуваат за постигнување на подобри резултати. Секоја година се одбележува патрониот празник на училиштето преку соодветна програма која се планира и реализира со вклучување на поголем број ученици. На „Св. Валентин“ – Денот на вљубените, преку организација на настан Љубовна чајанка во просториите на училиштето секоја година учествуваат учениците кои имаат солидно познавање на англиски јазик. Традиционално секоја година се организира отворен ден на училиштето кој се одржува во просториите на училиштето, со ангажирање на голем дел од учениците. Во текот на учебната година како дел од воннаставните активности учениците посетуваат општински и државни институции, претпријатија, банкарски институции, саеми, музеи, театарски претстави.<br><br>Преку одобрување на Еразмус+ проекти, Националната агенција за европски образовни |

| | |
|---|---|
| | програми и мобилност овозможува дел од учениците да бидат вклучени во вонnаставните активности од овој карактер. На повеќе начини се врши афирмирање на вонnаставните активности и остварените резултати од истите (огласна табла, веб страна и социјални мрежи преку профилот на училиштето) и за време на наставнички совети, класни часови, класни совети и родителски средби. Училиштето на крајот на секоја учебна година избира ученик на генерација и ученик на училиштето, при што се земаат во предвид и остварените вонnаставните активности. Развивањето на талентите и способностите на учениците е една од најважните придобивки кои во иднина можат да бидат и полиња за професионален развој на учениците;<br><br>Дел од вонnаставните активности се посветени и на презентација и афирмација на училиштето на локално, државно и меѓународно ниво, како и на општествената одговорност на наставниците и учениците. |

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Примена на современи форми, методи и техники на настава со цел прилагодување на програмите и содржините на индивидуалните способности и постигнувања на учениците<br>• Изборни предмети според желбата и потребите на учениците<br>• Целосна реализација на наставни планови и програми<br>• Информирани ученици и родители за наставните планови и програми<br>• Интегрирање на еколошки содржини и проекти во наставните планови и програми на редовните часови<br>• Вклученост на наставниците и учениците во европски проекти поддржани од страна на Националната агенција за европски програми и мобилност<br>• Откривање на потенцијалите и способностите на учениците и нивно насочување за натамошен развој<br>• Рамноправност при вклучувањето на ученици во изборот на вонннаставните активности без разлика на нивната полова, етничка и социјална припадност<br>• Интегрирање содржини и проекти за унапредување на мултикулутуразлимот, меѓуетничката интеграција и толеранција во наставните планови и програми на редовните часови<br>• Учество во меѓународни проекти и активности за афирмација на училиштето |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Недоволна заинтересираност на дел од родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Недостапност на учебници речиси по сите предмети<br>• Ограничен број на ученици кои можат да се вклучат во национални и интернационални проекти<br>• Недоволна мотивираност на дел од учениците за вклучување во вонннаставните активности<br>• Недоволна поддршка од бизнис заедницата и институциите за реализирање на вонннаставни активности<br>• Недоволна флексибилност и иновативност при реализација на наставните содржини во наставните предмети<br>• Родителите воопшто не се вклучени во креирање на наставните планови и програми<br>• Одредени учебници не се соодветни на наставните програми |
| **ПРИОРИТЕТИ** | • **Прилагодување на наставните планови и програми кон индивидуалните потреби и можности на учениците со цел успешно совладување и нивно континуирано напредување**<br>• **Поголема соработка со надлежните институции за вклучување на училиштето во поголем број на национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици, со цел поттикнување и вклучување на поголем број ученици во вонннаставните активности** |

# Подрачје 2. Постигања на учениците

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
| --- | --- | --- |
| 2.1 | Постигања на учениците | • Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност според наставни предмети и според квалификациони периоди и јазикот на наставата<br>• Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност и јазик на наставата<br>• Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>• Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование |
| 2.2 | Задржување / осипување на учениците | • Опфат научениците<br>• Редовност вонаставата<br>• Осипување научениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго |
| 2.3 | Повторување на учениците | • Ученици кои не ја завршувааат учебната година |

## Индикатор 2.1 Постигања на учениците

| | |
|---|---|
| **Теми** | • **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност според наставни предмети и според квалификациони периоди и јазикот на наставата**<br>• **Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност и јазик нанаставата**<br>• **Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**<br>• **Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**<br>• **Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од еднодо друго ниво наобразование**<br>• **Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците** |

| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
|---|---|
| • Извештаи за воспитно образовна работа на училиштето<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Записници од родителски средби<br>• Матична книга за евиденција на државна матура и завршен испит<br>• Матична книга на | - Училиштето редовно ги следи постигањата на учениците по сите наставни предмети. За таа цел се изработуваат прегледи за успех и редовност по пол и етничка припадност за секој квалификационен период, се врши увид во актуелните постигања и се прават компаративни прегледи. Континуирано се преземаат конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците без разлика на полот, етничката припадност способностите за напредок и учење или социјалниот статус на учениците. Тоа се постигнува преку индивидуален пристап во редовната настава, редовно одржување на дополнителни часови, додатна настава и вонnаставни активности;<br>- Средниот успех на ниво на училиште во учебната **2022/2023 бил 3,47**, а во учебната **2023/2024 година изнесува 3,02,** што значи бележи влошување. Успехот во првото полугодие од учебната 2024/2025 година е 3.14, а на крајот на наставата година успехот изнесува 3,26 (притоа потенцијаќи дека овој успех не е конечен бидејќи 20 ученици се упатени на поправни испити);<br>- Во однос на изостаноците, евидентирано е дека во учебната 2022/2023 биле направени вкупно 13.997 изостаноци, или 74 по ученик. Во наредната 2023/2024 учебна година, се забележува дека бројот на изостаноци изнесувал 10.466, или во просек 61 по ученик што значи дека редовноста на учениците бележи подобрување. Додека пак во учебната 2024/2025г. се направени 9.683 |

| | |
|---|---|
| учениците<br>• Дневник на паралелката<br>• Записници од класен совет<br>• Анкета со ученици | изостаноци,или во просек 50 по ученик. Исто така, евидентно е дека и понатаму најмногу изостануваат учениците од четврта година, а најредовни и со најмалку изостаноци се учениците од прва година;<br>- Континуираното следење на постигањата на учениците и конкретните активности кои ги превземаат наставниците доведува до подобрување на општиот успех или барем одржување на истиот. Најголем број од наставниците превземаат активности за подобрување на постигањата на учениците и тоа преку разновидни активни методи и форми, индивидуализиран пристап во редовната настава, реализираат посета на одделни институции во градот и во државата, вклучуваат стручни лица од бизнис секторот и поширoката општествена заедница. Се применуваат различни постапки за проверување на постигањата како усна проверка, писмена работа, тест, есеи, презентации, контролни ливчиња, проекти, практичен приказ на наставните содржини. |
| • Програма за додатна и дополнителна настава<br>• Книга за вонредни ученици<br>• Компаративна анализа за успехот и редовноста на учениците<br>• Досиеја на ученици | **Според резултатите од спроведените анкети:**<br>Поголем број од испитаните ученици, 67% се изјасниле дека повеќе преферираат писмена проверка на знаењата отколку усна (28%), (5%) од учениците се изјасниле дека сакаат и некој друг вид на проверка.<br>На почетокот на учебната година наставниците индувидуално ги запознаваат учениците со критериумите за оценување. Според спроведената анкета, 55% од учениците одговориле дека наставниците ги запознале со критериумите за оценување, 30 % се изјасниле дека наставниците не ги запознале со критериумите за оценување, а 15 % се изјасниле дека само некои наставници го сториле тоа<br>На прашањето дали наставниците ги запознаваат учениците со критериумите за оценување пред секоја тема 40% се изјасниле со да, 35% не, а 25% дека некои наставници ги запознаваат со критериумите за оценување пред секоја тема.<br>85% од испитаните ученици одговориле дека е важно да ги знаат критериумите за оценување, додека 15% одговориле дека не им е важно.<br>- Предметните наставници и класните раководители вршат идентификација на учениците со потешкотии во учењето според претходно изготвен инструмент од психологот на училиштето. Училиштето спроведува конкретни активности со цел да им помогне на овие ученици да ги подобрат постигањата. Класните раководители реализираат теми од Програмата „Образование за животни вештини“ на кои меѓу другото ја истакнуваат важноста на учењето. Предметните наставници имаат индивидуален пристап кон овие ученици, им нудат избор на активности според нивните можности и им одржуваат редовно дополнителна настава. Преку педагошката евиденција и разговори со учениците континуирано се следи напредувањето на учениците; |

| | |
|---|---|
| | - Училиштето води посебно досие за учениците кои имаат посебни образовни потреби, а се вклучени во редовната настава. За овие ученици секој наставник на почетокот на учебната година изработува и доставува индивидуален план за работа со ученици со посебни образовни потреби и работи според посебни диференцирани цели.<br>**Од направената анкета со учениците**, се согледува дека 56% од учениците се изјасниле дека стручната служба на училиштето дава квалитетна поддршка на учениците со потешкотии во учењето, како и на надарените ученици, а 44 % се изјасниле негативно.<br>Преку набљудување за време на наставните часови и индивидуални средби со учениците и родителите, како и преку следење на секојдневната активност, увидот во самостојните трудови, контролните тестови и усните излагања, класниот раководител заедно со предметните наставници и психологот ги идентификуваат надарените и талентирани ученици и притоа користат инструмент за проценка. За ваквите ученици кои покажуваат интерес кон одредена област и сакаат да ги прошират и продлабочат своите знаења, се организира додатна настава според претходно изготвена годишна програма доставена кај училишниот психолог. Ваквиот вид на настава се реализира континуирано и најчесто се интензивира пред одржување на натпревари, проекти, приредби, презентации и сл. Во училиштето се задоволуваат интересите и желбите на учениците за проширување на знаењата и континуирано им се нудат програми од разни области.<br><br>Од направената анкета 62% од учениците сметаат дека се надрени во некои области, 28% сметаат дека не се надарени Од учениците што сметаат дека се надрени во некои области 33% редовно добиваат подршка од стручната служба, 24% не добиваат, а 43% добиваат понекогаш подршка. Од направената анкета 90% од учениците се изјасниле дека учениците со потешкотии во учењето добиваат подршка повремено, додека 10% се изјасниле дека учениците со потешкотии во учењето не добиваат подршка од стручната служба.<br>75% од учениците сакаат да учествуваат во натпревари, проекти, приредби и манифестации организирани како додатни и воннаставни активности во училиштето. А 25% се изјасниле дека не сакаат.<br>- Учениците се поттикнуваат на иницијативност, одговорност, почитување на различноста, преку дискусија на образовни теми и прашања во поглед на родовата и етничката рамноправност;<br><br>- Училиштето ги следи постигањата на учениците при преминот од основново средно образование и од средно кон високо образование. Класните раководители контактираат со учениците по завршувањето на нивното средно образование и на тој начин водат евиденција за нивното понатамошно високо образование.<br>- Училиштето има развиен систем за следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование. |

## Индикатор 2.2 Задржување / осипување на учениците

<table>
<tr><td>Теми</td><td colspan="2"><ul><li>Опфат на ученици</li><li>Редовност во наставата</li><li>Осипување научениците</li><li>Премин на ученици од едно во друго училиште</li></ul></td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори на податоци</td><td>Добиени податоци</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • Извештаи за воспитно образовна работа на училиштето.<br>• Годишна програма за работа на училиштето.<br>• Записници од родителски средби<br>• Матична книга на учениците<br>• Дневник на паралелката<br>• Записници од класен совет<br>• Записници од испит на година<br>• Интервју со психолог<br>• Интервју со класни раководители<br>• Анкета со ученици<br>• Книга за вонредни ученици<br>• Компаративна анализа за успехот и редовноста на учениците<br>• Извештај за осип на учениците | - Директни причини за правење на изостаноците сметаме дека се следниве:<br>• Намалена мотивација за учење од страна на учениците;<br>• Мала посетеност на родителите на родителските средби;<br>• Одбивање на индивидуални посети на родителите па дури и на повик;<br>• Интенцијата на учениците да се надвор од училиштето;<br>• Несериозниот и неодговорен пристап на некои ученици во реализирањето на наставата<br>- Причините за изостаноците на учениците според мислењето на директорот и стручната служба се во неодговорноста на учениците, но и недоволна мотивираност на одредени часови каде се применуваат застарени методи на настава, како и слабата контрола на учениците од страна на нивните родители. За да се подобри состојбата со успехот и изостаноците ќе се продолжи со досега спроведуваните мерки како што се редовно изрекување на педагошки мерки, редовна комуникација родител-наставник-стручна служба, како и истакнување на позитивни примери на ученици како модел на однесување.<br>**Од спроведената анкета кај учениците**, ги констатиравме следниве причини за правење на изостаноците (состојби во врска со правењето изостаноци):<br>- 25% учениците бегаат од часови кога не се подготвени за на час;<br>- кај 5% од учениците причина за отсуство се неинтересни предавања;<br>- 70% од учениците без размислување, без причина отсуствуваат.<br><br>Вработените во ОСУ „Јовче Тесличков“ постојано ги преземаат сите потребни мерки за намалување на оваа негативна појава, односно преку најразлични активности се прават напори да се подобри редовноста кај сите ученици.<br><br>Истовремено, како многу значаен фактор кој влијае на редовноста на учениците е редовното, навремено и континуирано евидентирање на изостанувањето од настава, изрекувањето на педагошките мерки и согласно тоа, намалување на поведението на учениците.Од резултатите на анкетата се гледа дека на:<br>- 45% од анкетираните ученици им е битно дали ќе им биде намалено поведението,<br>- 30% од учениците смета дека изрекувањето на педагошките мерки влијае на подобрување на нивната редовност<br>- 84% од учениците сметаат дека редовноста влијае на подобрување на нивниот успех<br>- Во ОСУ„Јовче Тесличков“ континуирано ги детектира и ги анализира сите фактори кои што влијаат на овие состојби, и тоа во насока на елиминирање или минимизирање на оние кои што негативно влијаат и поттикнување на позитивните; |

| | |
|---|---|
| • Досиеја на ученици | - Во ОСУ „Јовче Тесличков“Велес, направена е анализа за идентификување на причините за осипување на учениците. Забележано е дека има осипување на учениците во прва година, но и во другите години. Анализата е правена од страна на психологот и класните раководители и покажува дека најчеста причина за осипување на учениците е заминувањето во страство на цели семејства. Но, евидетирани се и ситуации кога учениците не можат да се адаптираат на новата средина и стручните предмети им изгледаат многу тешки. Но не смее да се занемари и податокот дека една од причините за осипување е и друштвото.<br><br>- Овој тренд на отселување на цели семејства од нашиот град односно од нашата држава е загрижувачи, и истиот треба да го третираа повисоки органи и тела во државата.<br><br>- Секој ученик кој пројавил желба да се испише од нашето училиште уредно е евидентиран и притоа се почитувани законските норми според кои ученикот не може да се отпише од училиштето без присуство на родител односно старател. Со секој ученик инвидуално е разговарано од страна на класниот раковидтел, психологот и директорот на училиштето.<br><br>- Училиштето ја почитува постапката при премин на учениците од едно во друго училиште. Се води неопходна комуникација со ученикот и родителите за мотивите за промена на училиштето, за обврските кои ги очекуваат и се почитува постапката за уредно водење на педагошката евиденција и документација, односно се доставува евидентен лист и преведница, и при прием на ученици од други училишта ги бара истите документи и бара навремено доставување на информации за учениците. |

## Индикатор 2.3 Повторување на учениците

| Теми | • Ученици кои не ја завршуваат годината |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Извештаи за воспитно образовна работа на училиштето<br>• Записници од родителски средби<br>• Матична книга на учениците<br>• Дневник на паралелката<br>• Записници од класен совет<br>• Записници од испит на година<br>• Евидентни листови за успех и поведение<br>• Интервју со директор<br>• Интервју со психолог<br>• Извештаи од стручна служба<br>• Досиеја на ученици | - Во учебната 2022/23 година, 20 ученици се испишале, а 4 не ја завршиле годината, т.е повторувале, а годината ја завршиле 193 ученици.<br>Во учебната 2023/24 година, 12 ученици се испишале од училиштето, годината ја повторувале 4 ученици, а годината ја завршиле 156 ученици.<br>- На крајот на наставната година 2024/2025, годината ја повторувале вкупно 6 ученици. На испит на година се упатени тројца ученици, а на поправен испит 16 ученици. Во училиштето се анализираат причините за повторување на учебната година и се преземаат навремени мерки. Училиштето ги запознава учениците и родителите со активностите што ги презема и со правото за поднесување приговор при повторување на година, согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето.<br>- Направени се анализи на причините за повторување на учениците и утврдени се повеќе причини:<br>✓ за главна причина се смета слабата мотивација односно отсуство на мотивација на учениците за учење;<br>✓ нередовното следење на наставата односно големиот број изостаноци на учениците кои ги прават за време на една наставна година;<br>✓ пробното заминување во странство на неколку месеци;<br>✓ опкружувањето односно социјалната средина од која доаѓаат учениците;<br>✓ загрозената социјална состојба на родителите,<br>✓ ниското ниво на образование на родителите;<br>✓ занемарување на воспитната компонента од родителите. |

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Систематско следење, споредување и анализирање на состојбата со успехот и постигањата на учениците по пол и етничка припадност по класификациони периоди<br>• Примена на интерни критериуми за оценување на учениците<br>• Активно учество на проекти, натпревари, конкурси и постигнати високи резултати<br>• Воспоставена процедура за промовирање на училиштето и упис на учениците во прва година<br>• Систематско следење на редовноста на учениците, анализирање на причините за отсуство и превземање конкретни активности за подобрување на истата<br>• Навремено и редовно информирањенародителите за постигањата и напредувањето научениците<br>• Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование<br>• Реализација на практичната настава од четири аспекти за учениците од втора до четврта година:<br>- Реализација на практичната настава<br>- Изведување на практична настава во училишни компании<br>- Изведување на практична настава во училишната маркетинг агенција<br>- Изведување на феријална практика |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Запишување на ученици во прва година со послаб успех<br>• Слаби предзнаења на учениците по одделни предмети<br>• Недоволна мотивираност и ангажираност на дел од учениците по одделни наставни предмети<br>• Тешкотија при контролирање на изостанувањето на учениците |
| **ПРИОРИТЕТИ** | • **Барање начин за осовременување на наставата во училиштето**<br>• **Зголемување на бројот на ученици со подобар успех при упис во прва година**<br>• **Зголемена соработка на родителите со наставниците, стручна служба и директор** |

# Подрачје 3. Учење и настава

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 3.1 | Планирање на наставниците | • Индивидуални планирања на наставниците<br>• Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| 3.2 | Наставен процес | • Наставни форми и методи<br>• Употреба на ИКТ во наставата<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и ученици<br>• Приод на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| 3.3 | Искуства на учениците од учење | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| 3.4 | Задоволување напотребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| 3.5 | Оценувањето како делод наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми за оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 3.6 | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

## Индикатор 3.1 Планирање на наставниците

| Теми | • Индивидуални планирања на наставниците<br>• Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |

| | |
|---|---|
| • Индивидуални планирања на наставниците<br>• Педагошка служба<br>• Наставни планови и програми од БРО и ЦСОО<br>• Годишно планирање, планирање на одуларна единица и планирање на наставен час<br>• Програми за дополнителна и додатна настава; програми за работа со ученици со посебни потреби; планирање на практична настава; планирање на содржини програмирани од училиштето; планирања на активностите на стручните активи<br>• Директор / ПедагошкаСлужба<br>• Годишна програма научилиштето<br>• Годишна програма за работа на директорот<br>• Годишна програма за работа на психолог<br>• Протокол за следење на планирањата на наставниците | - Сите анкетирани наставници (100%) ја планираат наставата преку изработка на годишно планирање; планирање на модуларна единица; планирање на наставен час; изработуваат програми и планови за реализација на дополнителна и додатна настава; програми за работа со ученици со посебни потреби; планирање на Учење преку работа кај работодавач; планирање на содржини програмирани од училиштето; планирања на активностите на стручните активи. Дури 97% од наставниците се изјасниле дека целите на наставата се јасно утврдени во планирањето. Најголем дел од наставниците одговориле дека ја планираат додатната идополнителната насава.Скоро сите наставнци се изјасниле дека планирањата ги прват сопомош на ИКТ и при планирањето користат искуства од другите колеги;<br><br>- Планирањата на наставниците содржат: цели на наставната програма; резултати од учење на модуларната единица; резултати на учење од наставната единица; критериуми за вреднување на постигањата; активности на часовите-интерактивни форми, методи и техники;активности на наставникот и активности на ученикот во одделни делови на часот; проверка на постигањата на учениците , констатации /евалуација на реализиран час. Планирањата на наставен час наставниците ги прават секојдневно и тие ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени резултатите од учење од наставната единица (групирани според Блумовата таксономија), критериумите за вреднување на постигањата, како и наставните методи, форми и техники / стратегиина работа. Исто така, во планирањата се вклучени и различни методи на оценување и нагласени се и инструменти преку кои се спроведува оценувањето. Информациите добиени од оценувањето, наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.Добиените информации од постигнувањата на учениците, претставуваат индикатор за интензитетот и тематиката на додатната и дополнителната настава;<br><br>- Наставниците во своите планирања наведуваат кои наставни содржини ќе ги реализираат со примена на ИКТ во наставата. Во наставните предмети наставниците вградуваат содржини од програмата ”Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем. Избраните еко – содржини т.е. точки на акција од еко-стандардите се во голем број и се доста добро поврзани со предметите и содржините кои одговараат со возраста на учениците и овозможуваат соодветно поврзување на предметите, истражување, анализирање, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл. со што се допринесува преку нив да се поттикнат мисловните активности и да се развие еколошката свест кај учениците. Исто така, наставниците во наставните |

| | |
|---|---|
| • Дневници за работа;<br>• Програми за работа на менторите<br>• Програми за работа на секој стручен активза учебната година<br>• Извештаи од состаноци настручните активи<br>• Годишен извештај заработата на стручните активи<br>• Распоред на часови<br>• Обуки на наставниците одстрана на БРО и ЦСОО | предметивградуваат содржини и од проектот за „Унапредување на мулутикулутурализмот и толеранција. међуетничка интеграција на образованието“. Интегрираното планирање соодвествува со наставните планови и програми на БРО;<br><br>Училиштето има системи за поддршка и следење на планирањата и реализацијата на наставната програма и тоа:<br>- годишните и модуларните планирања кои наставниците на почетокот од учебнатагодина ги доставуваат во педагошката служба во електронска или печатена форма; планирања за наставен час кои наставниците ги изработуваат за секој наставен час и истите се достапни на увид од страна на директорот, стручната служба и државниот просветен инспекторат;<br>- увид во е - дневник;<br>- посети на наставни часови од стручната служба и директор при што се користипропишана процедура која опфаќа инструменти за следење и вреднување напланирањата и подготовките на наставните часови (резултатите од учење од наставната единица, критериумите за вреднување на постигањата, како и наставните методи, форми и техники / стратегии на работа, активности,примена на интерактивни форми и методи, проверкана постигањата на учениците, констатации/ евалуација на реализиран час);<br>- консултативни разговори со стручната служба и сугестии за подобрување наnаставата и примена на интерактивни техники и методи како и примена на ИКТ вонаставата; воведување во работата на новиот наставен кадар од страна на директор; воведување во работата на наставниците-почетници од страна наменторите при што се дава целосна помош и поддршка при планирањата иреализацијата на наставните содржини како и во сите други сегменти од работата нанаставниците-почетници.<br><br>Искуства и информации при планирањето наставниците се разменуваат на нивона:<br>- стручниот актив:<br>- размена на искуства за реализација на наставната програма;<br>- размена на искуства за примена на интерактивни форми и методи, примена на ИКТ<br>- во наставата;<br>- реализација на отворени часови;<br>- размена на искуства и консултации за програмите за работа со ученици кои имаат<br>- потешкотии при совладување на материјалот;<br>- размена на искуства и консултации за програмите за работа со надарени ученици и<br>- нивна подготовка за учество на натпревари;<br>- колеги од други училишта;<br>- размена на искуства за програмите за работа со ученици со посебни потреби |

| | |
|---|---|
| | инадарени ученици и нивна подготовка за учество на натпревари;<br>- Советници од БРО и Државен испитен центар<br>- консултации за реализација на наставната програма;<br>- консултации за примена на интерактивни форми и методи, примена на ИКТ вонаставата;<br>- консултации за подготовка на учениците за државна матура.<br>Голем дел од наставниците исто така користат интернет (web страни и форуми) заразменување на искуства и информации со колегите од соседните земји.<br><br>Распоредот на часови го изготвува надворешен соработник, во консултации со директорот и останатите наставници. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети, изедначување на бројот на часови меѓу паралелките заради застапеноста на изборните и практичните предмети во редовната настава, како и поради одржување на часови на нашите наставници во други средни и основни училишта.<br><br>**За овој индикатор, се спроведе анкета од која се добиени следните податоци:**<br><br>На прашањето дали изготвуваат планирања за реализација на наставните програми планови, 100% од наставниците одговориле позитивно и ги навеле годишното планирање; планирањето на модуларна единица; планирањето на наставен час; програмите за дополнителна и додатна настава; програмите за работа со ученици со посебни потреби; планирање на практична настава; планирање на содржини програмирани од училиштето; планирања на активностите на стручните активи.<br><br>Исто така, најголем дел од наставниците - 89% се изјасниле дека плановите за реализација на годишните планирања, планирањето на модуларна единица; планирањето на наставен час; ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на наставата (поточно содржат јасни насоки што се очекува од учениците да научат, очекуваните резултати од учењето и начинот на оценување на учениците), а само 11% од наставниците се изјасниле дека плановите за реализација на наставата делумно содржат елементи за успешна реализација на час.<br><br>89% од наставниците сметаат дека наодите од следењето на планирањата на наставниците се користат за подобрување на наставниот процес, а 11% од наставниците сметаат дека наодите од следењето делумно се користат за подобрување на наставниот процес.<br><br>84% од наставниците се изјасниле дека при планирањето на наставата (материјали,интерактивни методи, примена на ИКТ во наставата) разменуваат искуства во рамкитена стручниот актив, останатите 16% од наставниците се изјасниле дека делумно |

| | |
|---|---|
| | разменуваат искуства во рамките на стручниот актив.<br><br>68% од наставниците се согласуваат со тоа секој наставник поединечно доволно се вложува во подготовка и реализација на наставата, 26% делумно се согласуваат и 6% одговориле негативно на ова прашање.<br><br>47,4% од наставниците сметаат дека секогаш ги прилагодуваат планови според потребите и способностите на учениците, а 47,4% од наставниците сметаат дека често ги прилагодуваат планови според потребите и способностите на учениците, останатите тоа го прават понекогаш.<br><br>94,7% од наставниците во планирањето вклучуваат активности за поддршка на ученици со потешкотии во совладување на наставните содржини.<br><br>73,7 секогаш креираат индивидуални наставни планови за учениците со посебни образовни потреби.<br><br>По однос на модуларнта настава и бројните нови предмети и немање учебници ја отежнува подготовката на наставата и го намалува нејзиниот квалитет, 73% од наставниците одговориле позитивно, 21% делумно се согласуваат со ставот и 6% дале негативен одговор на ова прашање. |

# Индикатор 3.2 Наставен процес

| | |
|---|---|
| **Теми** | • **Наставни форми и методи**<br>• **Употреба на ИКТ во наставата**<br>• **Избор на задачи, активности и ресурси**<br>• **Интеракција меѓу наставниците и ученици**<br>• **Приод на наставникот кон учениците**<br>• **Следење на наставниот процес** |

| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
|---|---|
| • Портфолија на наставници<br>• Оперативни планови за час<br>• Програми задополнителна и додатна настава<br>• Увид во дневници за реализирана дополнителна и додатна настава, реализација на проекти,учество на натпревари<br>• Изработени проекти од учениците (кои вклучуваат истражување, powerpoint презентации и примена на ИКТ во наставата)<br>• Изработени постериод ученици на часизложени вокабинетите за настава<br>• Избор на | - Наставниците применуваат повеќе наставни форми и методи за реализација нанаставата индивидуална работа, работа во групи, кооперативно учење, истражување,power point презентации, изработка на визуелни помагала и изработка на проекти. Голем дел од наставниците применуваат ИКТ во наставата, истражување одстрана на учениците, часови подготвени со power point презентации, примена на некои од пакетите за едукација;<br>- Наставниците применуваат наставни форми, методи и техники за развивање наиндивидуалните вештини на секој ученик.Наставниците применуваат: дополнителна настава за учениците со потешкотиипри совладувањето на материјалот; додатна настава за надарени ученици; учество нанатпревари; учество во проекти и сл.;<br><br>- Наставниците користат различни ресурси и приоди за реализација на наставата итоа неколку паметни табли, бела табла со поставен ЛЦД проектор во речиси секоја училница, одобрени учебници, стручна литература, интернет (web страната на БРО идруги web страни поврзани со наставниците ги планираат и тие се поврзани соработата на учениците на час и се во согласност со предвидените цели во наставата;<br>- Домашни работи со избор на задачи и активности со различно ниво на сложеностсо кои учениците треба да ги применат своите знаења стекнати за време на часовите;<br>- Дополнителна настава - избор на задачи со различно ниво на сложеност заучениците кои имаат потешкотии при совладувањето на материјалот или биле подолго отсутни од настава поради оправдани причини;<br>- Додатна настава – избор на задачи со повиско тежинско ниво, подготвителнизадачи за натпревари, збирки и дополнителна стручна литература;<br>- Проекти од учениците кои вклучуваат истражување , power point презентации ипримена |

| | |
|---|---|
| задачи,активности и ресурси<br>• Оперативни планови за час<br>• Нагледни средства<br>• Програми за дополнителна настава<br>• Програми за додатна настава | на ИКТ во наставата;<br>- Дел од наставниците имаат објавено материјали од наставнатапрограма и задачи, активности со различно ниво на сложеност;<br>- Активности за практична примена на знаењата на учениците прекуреализација на програмата „Учење преку работа кај работодавач“ која се реализира во повеќе од 30 различни државни и приватни институциина територија на градот, како практична настава на учениците од стручното образование;<br><br>- Наставниците применуваат различни форми на интеракција со учениците со штосе поттикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата и тоа: запознавањена учениците со целите на учењето во текот на часот; индивидуална работа ; работаво групи; кооперативно учење и истражување; резимирање на знаењата стекнати вотекот на часот /очекувани резултати од учењето; дискусии, дебати, играње на улоги, изработка на документи, индивидуални презентации и реализација напроекти што се во насока на промовирање на учењето;<br><br>- Наставниците подеднакво се однесуваат кон учениците и не прават разликапомеѓу учениците според нивниот пол, социјално потекло, етничката и религискатаприпадност и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците;<br>- Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалната положба и етничката и религиска припадност. Според анализата на анкетите за наставници, родители и ученици сите се изјасниле дека наставниците имаат еднаков третман кон сите ученици без разлика на нивната полова, етничка или социјална основа. Училиштето ги промовира постигнувањата на учениците преку социјалните мрежи,класните часови,доделување на пофалници на учениците,изработка на паноа, изложување на трудовите и постигнувањата на сите ученици без разлика на пол,социјална и етничка припадност како и ученици со различни способности на учење;<br>- Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процеси тоа со:<br>  ▪ увид во годишното планирање; планирање на модуларна единица; планирање на наставен час;<br>  ▪ секој наставник е посетен најмалку два пати вогодината од директорот и стручната служба;<br>  ▪ протоколи за набљудување при реализација на час; портфолио за секој наставник; соработка на наставниците со учениците и родителите;<br>- Наодите од следењето на наставниците се користат за подобрување на наставниот процес преку: |

| | |
|---|---|
| | - стручна и методска помош во реализација на наставата (психолог, ментор, стручен актив);<br>- отворени часови помеѓу колегите од стручниот актив, консултации и сугестии заподобрување на наставата;<br>- реализира соработката со бизнис секторот овозможува да се развиваат практичните вештини на учениците и истовремено да ги поврзат теоретските знаења со практична работа.<br><br>**Според анкетите:**<br><br>66,7% од родителите се многу задоволнни од начинот на предавање во училиштето, 20,8 се доволно задоволни,останатите се неутрални.<br><br>58,3% од родителите сметаат дека наставниците ги објаснуваат наставните содржини на јасен и разбирлив начин, 20,8% сметаат дека често, 12,5% понекогаш и 8,3% ретко.<br><br>75% од родителите сметаат дека нивното дете добива можности за учество во група работа проекти и дискусии.<br><br>50% од родителите сметаат дека наставата многу го мотивира нивното дете да учи 20,8% сметаат доволно ,12.5% неутрално а 8,3 % воопшто не.<br><br>94,7% од наставниците сметаат дека наставните методи кои ги планираат се усогласени со различните стилови на учење на учениците.<br><br>38,6% од учениците сметаат дека наставниците секогаш јасно ги објаснуваат наставните содржини, 34,1% сметаат често наставниците јасно ги објаснуваат наставните содржини, 15,9% од учениците сметаат дека тоа го прават по некогаш наставниците а 11,4% сметаат дека никогаш тоа не го прават наставниците.<br><br>38,6% од учениците сметаат дека наставата е многу интересна и мотивирачка за нив, 45,5% сметаат дека тоа е понекогаш, 9,1% ретко а 6,8% сметаат од учениците дека наставата не е воопшто интересна и мотивирачка за нив. |

## Индикатор 3.3 Искуства на учениците од учење

| Теми | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Искуства научениците од учењето<br>• Средина на учење<br>• Пофалници и освоени награди<br>• Училишно пано (слики,цртежи експонати изработениод учениците;<br>• Педагошко психолошка служба<br>• Планирања на наставниците<br>• Програми задополнителна идодатна настава<br>• Проекти во кои се вклучени наставниците и учениците<br>• Записници одучилишна заедница<br>• Соработка со бизнис секторот<br>• Склучени договори со реални компании за реализирање на Учење преку работа<br>• Склучени договори за реализирање на феријална пракса<br>• Дневник за работа при УПР<br>• Дневник за работа за феријална пракса<br>• Портфолија на ученици за | - Сите ученици добиваат можност да ги изложат своите трудови. Учениците секојдневно имаат пристап до различни материјали за учење и се охрабруваат активно да учествуваат во проекти и нивните трудови и презентации се изложуваат на соодветни места во училиштето во училиштето на видно место се поставени проекти пофалници и награди освоени од учениците кои го промовирале училиштето. Во секоја училница се истакнуваат изработените трудови по одделни предметни активности:<br>училишно пано (слики,цртежи, експонати изработени од учениците за време на часовите).<br><br>- Соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето едоволна и поголем дел од возрасните научилиштето комуницира и се отворени за соработка. Учениците се охрабруваат самостојно да размислуваат и активно да севклучуваат во учењето и наставата преку:<br>• кооперативно учење , работа во групи и парови, активирање на пасивни ученици, пофалби, набљудување и модифицирање на наставата;<br>• организирање на додатна настава за надарени ученици и нивно охрабрување за учество на натпревари;<br>• организирање на дополнителна настава за ученици со понизок квантум на знаења имотивирање на истите;<br>• обезбедување на сите ученици да реализираат учење преку работа во трета и четврта година /практичнаобука во реални работни услови кај работодавач согласно со наставните планови и програми;<br>• реализирање на феријална практична настава според наставните планови и програми;<br>• иницирање и спроведување на активности со одговорности во училиштето (во и надвор од наставата) и волокалната средина; |

| | |
|---|---|
| реализрање на слободни часови<br>• Соработка со невладини организации | • реализирање на слободни часеви по наставни планови и програми;<br>• учество во проекти во кои се вклучени наставниците и учениците.<br><br>- Учениците се охрабруваат да преземаат лична одговорност, самостојно даразмислуваат и активно да се вклучуваат во активности во и вон наставата, како штосе: учество на регионални и државни натпревари; учество на спортски натпревари;учество во Еко проектот, активности од екологијата - еко патроли, здрава исхрана и сл., учество на презентации на училиштето за учениците од основните училишта.<br><br>- Училиштето низ организирани форми, поттикнува,мотивира и остварува соработка меѓу учениците и наставниците во училиштето.<br>- Организација и учество на спортски натпревари<br>- Учество на МАССУМ<br>- Учество на Европски квиз на пари<br>- Организација и учество на проекти од хуманитарен карактер;<br>- Учество на проекти со цел подигање на свеста за комуникација и ненасилноразрешување на конфликти меѓу младите;<br>- Учество во проекти со порака младите против дискриминацијата;<br>- Учество во Еко проектот со цел подигање на еко свеста кај учениците инаставниците и промовирање на нашето училиште како Еко училиште;<br>- Промовирање на училиштето на отворените денови организирани за учениците од<br>основните училишта;<br><br>Наставниците применуваат повеќе наставни форми и методи за реализација нанаставата индивидуална работа, работа во групи, кооперативно учење, истражување,power point презентации, изработка на визуелни помагала и изработка на проекти.Голем дел од наставниците применуваат ИКТ во наставата, истражување одстрана на учениците, часови подготвени со power point презентации, примена нанекои од пакетите за едукација;<br>- Наставниците применуваат наставни форми, методи и техники за развивање наиндивидуалните вештини на секој ученик. Наставниците применуваат: дополнителна настава за учениците со потешкотиипри совладувањето на материјалот; додатна настава за надарени ученици; учество нанатпревари;<br>- Наставниците применуваат различни форми на интеракција со учениците со штосе поттикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата и тоа: запознавањена учениците со целите на учењето во текот на часот; |

| | |
|---|---|
| | индивидуална работа ; работаво групи; кооперативно учење и истражување; резимирање на знаењата стекнати вотекот на часот /очекувани резултати од учењето; дискусии, дебати, играње на улоги, изработка на документи, индивидуални презентации и реализација напроекти што се во насока на промовирање на учењето;<br>- Наставниците подеднакво се однесуваат кон учениците и не прават разликапомеѓу учениците според нивниот пол, социјално потекло, етничката и религиската припадност и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците;<br>- Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање без оглед на нивниот пол, социјалната положба и етничката и религиска припадност.Според анализата на анкетите за наставници,родители и ученици сите се изјасниле дека наставниците имаат еднаков третман кон сите ученици без разлика на нивната полова,етничка или социјална основа. Училиштето ги промовира постигнувањата на учениците преку социјалните мрежи,класните часови,доделување на пофалници на учениците,изработка на паноа, изложување на трудовите и постигнувањата на сите ученици без разлика на пол,социјална и етничка припадност како и ученици со различни способности на учење;<br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процеси тоа со:<br>▪ увид во годишното планирање; планирање на модуларна единица; планирање на наставен час;<br>▪ секој наставник е посетен најмалку два пати вогодината од директорот и стручната служба;<br>▪ протоколи за набљудување при реализација на час; портфолио за секој наставник;соработка на наставниците со учениците и родителите;<br>Наодите од следењето на наставниците се користат за подобрување на наставниот процес преку:<br>- стручна и методска помош во реализација на наставата (психолог, ментор, стручен актив);<br>- отворени часови помеѓу колегите од стручниот актив, консултации и сугестии заподобрување на наставата;<br>- реализира соработката со бизнис секторот овозможува да се развиваат практичните вештини на учениците и истовремено да ги поврзат теоретските знаења со практична работа. |

| | |
|---|---|
| | **Според анкетите:**<br><br>37,5% од родителите сметаат дека наставниците секогаш го поттикнуваа на критично размислување на учениците, 33.3% сметаат дека често наставниците го поттикнуваат критичкото размислување на учениците, 12,5%сметаат дека тое е понекогаш, 12,5% ретко а додека 4,2 сметаат никогаш.<br><br>38,6% од учениците сметаат дека секогаш наставниците користат различни наставни методи презентации, видеа, практични примери, дискусии, 34,1% сметаат од учениците дека често користат наставниците, 13,8% од учениците сметаат дека наставниците понекогаш користат различни методи.<br><br>50% од учениците сметаат дека секогаш добиваат доволно можности за активно учество во наставата дискусии групна работа, проекти, 34,1 сметаат често дека добиваат доволно можности, 13,6 % понекогаш.<br><br>54,5% од учениците сметаат дека наставниците секогаш ги охрабруваат учениците да поставуваат прашања и да го изразат своето мислење, 22,7% сметтат често, 11,4% понекогаш и 11,4% ретко. |

## Индикатор 3.4 Задоволување на потребите на учениците

| Теми | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
|---|---|

| Извори на податоци | Добиени податоци |
|---|---|
| • Наставни програми<br>• Листи од изборни предмети<br>• Листи од проектни активности<br>• Програми за дополнителна настава<br>• Програми за додатна настава<br>• Увид во дневници | - Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потребина учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаатодредени активности, како што се:<br>реализација на целите предвидени во наставните програми (начинот на којучениците го совладуваат материјалот,стилови на учење на учениците, потешкотиипри совладувањето на материјалот, посебен интерес за материјалот кој се изучува);<br>реализација на анкети и прашалници со понудени листи од изборни предмети ипроектни активности.<br>- Наставниците во процесот на поучување користат различни методи и техники соцел да им се даде можност на учениците со различни стилови на учење да гопостигнат својот максимум.<br>- Реализација на дополнителна настава за учениците со потешкотии при усвојувањето на материјалот; толерантен однос кон ученици со потешкотии во комуникацијата; реализација на додатна настава за надарени ученици; мотивирање и охрабрување на учениците за учество на натпревари; реализација на подготвителна настава и консултации за државна матура; реализација на анкети и прашалници со понудени листи од изборни предмети и проектни активности; професионална ориентација и организирани посети на факултети.<br><br>**Во однос на овој индикатор, добиени се следните резултати:**<br>58,3% од родителите сметаат дека училиштето во целост располага со доволно ресурси за квалитетно одвивање на наставата (учебници, дигитални алатки, лаборатории), 20,8% сметаат дека е доволно.<br>62,5% од родителите сметаат дека училниците и наставните простории се соодветни и удобни за учење,16.7% сметаат дека тие се доволно соодветни и удобни за учење, делумно сметаат 16,7%, а 4,1% недоволно се соодветни и удобни за учење.<br><br>27,3% од учениците сметаат дека училиштето има доволно материјали и ресурси за поддршка на наставата учебници дигитални алатки, 40,9% сметаат доволно, 20,5% делумно и 11,4% недоволно. |

## Индикатор 3.5 Оценувањето како дел од наставата

| Теми | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми наоценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Записници од наставнички совет<br>• Записници од состаноците на стручните активи<br>• Критериуми и стандарди за оценување<br>• Увид во педагошката евиденција и документација<br>• Записници од состаноци на училишната заедница<br>• Статистики за постигнатиот успех и поведение на крајот од првото полугодие и на крај на учебната година | - Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето научилиштето;<br>- Наставниците ги информираат учениците за начинот на работа и критериумите заоценување на почетокот од учебната година;<br>- Оценувањето е континуирано , јавно и оценката е образложена на секој ученик софакти и сугестии како ученикот да го подобри својот успех;<br>- Наставниците се стремат кон усогласување на критериумите за оценувањето наквантумот знаења на учениците почитувајќи ги критериумите и стандардите за оценување.<br>Наставниците користат различни форми и методи за оценување со цел учениците да го постигнат својот максимум усни одговори, наставни ливчиња, листи за аналитичко оценување и самооценување,чек листи, стандардизирани тестови и писмени работи (со повеќе тежински нивоа) ,домашни работи , изработка на проекти, активност и ангажираност во текот начасот.<br>Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за:<br>▪ Евалуација и подобрување на планирањето и спроведувањето на наставата,<br>▪ Дефинирање на идни активности што ќе ги применуваат при реализација нанаставата<br>▪ Разгледување на приодите на оценување на квантумот знаења на учениците.<br><br>**Добиени резултати од анкетата:**<br>70,8% од родителите сметаат дека во целост критериумите за оценување се јасно објаснети на учениците и родителите, 8,3% сметаат доволно, 12,5% сметаат делумо и 8,3 сметаат недоволно.<br>52,3% од учениците сметаат дека секогаш добиваат навремени и конструктивни повратни информации за нивните резултати, 22,7% сметаат често добиваат, 20,5% ученици сметаат дека понекоаш добиваат навремени и конструктивни повратни информации за вашите резултати. |

## Индикатор 3.6 Известување за напредокот на учениците

| Теми | • Известување на родителите за напредокот на учениците |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Распоред на приемни денови на наставниците<br>• Увид во педагошката евиденција и документација<br>• Записници од родителски средби | - Училиштето има утврден однос за известување на родителите за напредокот на учениците и тоа:<br>▪ конкретна повратна иформација за оценката на ученикот;<br>▪ препораки за подобрување на постигањата и успехот на ученикот;<br>▪ препораки за посетување на дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот;<br>▪ наставниците се достапни за разговор секогаш кога за тоа имаат потреба учениците или родителите;<br>▪ редовни родителски средби;<br>▪ известување на родителите за успехот и поведението на нивното дете со евидентнилистови;<br>▪ пристап до електронски дневник;<br>▪ педагошко-психолошка служба, која е подготвена во секој момент за соработка како со родителите, така и со учениците<br><br>**По спроведената анкета, добиени се следните резултати:**<br><br>79,2% од родителите сметаат дека нивното дете добива навремено и конструктивни повратни информации за својот успех, 12,5 од родителите сметаат дека често нивното дете добива повратни информации за својот успех.<br><br>91,7% од родителите сметаат дека секогаш училиштето им овозможува редовна комуникација со наставниците и класниот раководител а 8,3 % сметаат дек е тоа понекогаш. |

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Навремено изготвување на годишно планирање; планирање на модуларните единици; планирање на наставните часови од страна на наставниците<br>• Високо мотивирани и едуцирани наставници отворени за усовршување и унапредување на наставата<br>• Редовно учество на вонучилишни активности, семинари, предавања и проекти<br>• Успешност на многубројни натпревари каде учениците се докажале како успешни соосвојување на награди<br>• Мотивираност на наставниците за меѓусебна соработка и помош за надминување напроблемите во и околу наставата и наставниот процес воопшто<br>• Постоење на пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следењена планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба<br>• Постоење на Примена на различни форми и методи во наставниот процес<br>• Примена на различни форми и методи на оценување<br>• Подготвеност на наставниците за приспособување на наставните содржини спрема способностите и потребите на учениците<br>• Подеднаков третман на учениците според пол и етнички состав<br>• Практична примена на стекнатите знаења на учениците<br>• Реализирање на голем број на задачи и активности кои се во склоп со индивидуалните образовни потреби на учениците<br>• Позитивен и професионален однос кон учениците и родителите<br>• Соработка со родителите и давање информации за напредокот на нивните деца<br>• Развивање на иницијативност за меѓусебна соработка и помош , заедничко дружење и надминување на верски, национални, социјални бариери<br>• Опременост на училниците со бели табли и ЛЦД проектори<br>• Училиштето има соработка со локалната заедница, бизнис заедницата и факултетите<br>• Се користат различни методи на интеракција на поттикнување доверба со цел градење на доверба меѓу наставниците и учениците<br>• Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, вклучувајќи и критериуми и стандарди за оценување; редовно им даваат повратни информации на учениците и родителите |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Техничко доопремување на сите кабинети<br>• Делумна примена на наставни форми, методи и техники на работа, градење на лични ставови и |

| | |
|---|---|
| | можности за нивно презентирање<br>• Училницата како мотивирачка средина за учење на учениците<br>• Анимирање на учениците за продлабочувања на знаењата преку истражувања и проекти<br>• Не се предвидени и не се реализираат проширени програми за напредните и надарени ученици<br>• Недоволна техничко-технолошка поддршка во училница која оневозможува целосно осовременување на наставниот процес и користење на ИКТ во секој наставен час<br>• Недоволна обука за наставен кадар за стручно доусовршување и следење на чекор со промените во општеството<br>• Немање доволно учебници и помошен материјал за реализација на наставните програми од модуларната настава<br>• Недостиг на мотивација за амбициозниот и креативен наставен кадар |
| **ПРИОРИТЕТИ** | • Примена на интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да се подобри средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина , а начинот на кој се учи интересен<br>• Едукација на учениците за правилна употреба на мобилните телефони, социјалните мрежи и различни апликации<br>• Набавување на современи технички средства кои ќе придонесат за усовршување на наставната работа и тоа мултимедијална училница<br>• Поголема соработка со родителите на децата, посебно на оние од ниска социјална структура<br>• Можност за усовршување и едукација на наставниот кадар<br>• Унапредување на уписната политика, воведување на нови смерови и модули, со цел упис на ученици со повисок општ успех од основно образование со сеопфатна промотивна кампања со цел упис на поголем број ученици во прва година во училиштето |

# Подрачје 4. Поддршка на учениците

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 4.1 | Севкупна грижа за учениците | • Заштита од физички повреди и елементарнинепогоди<br>• Превенција и справување со насилство, дискриминација и врсничко малтретирање<br>• Превенција од различни негативни појави (пушење, алкохол и дрога)<br>• Обезбедување здрава и достапна храна<br>• Поддршка на учениците со попречености<br>• Грижа за безбедноста на учениците во дигиталното окружување |
| 4.2 | Здравје | • Обезбедување на хигиена и превенција од болести<br>• Промоција на здрави жижвотни навики (физичка активност, здрава исхрана, ментално здравје) |
| 4.3 | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | • Советување за избор на понатамошно образование, кариера и вработување<br>• Подршка на учениците со емоционални,психолошки и социјални потешкотии<br>• Развивање на животни вештини (самодоверба,комуникација,решавање на конфликтни ситуации) |
| 4.4 | Следење на напредокот | • Следење на индивидуалниот напредок научениците<br>• Анализа на напредокот на учениците попаралелки<br>• Индивидуализирана поддршка за ученици со потреба за дополнителна едукација или помош |

## Индикатор 4.1 Севкупна грижа за учениците

| Теми | • Заштита од физички повреди и елементарнинепогоди<br>• Превенција и справување со насилство, дискриминација и врсничко малтретирање<br>• Превенција од различни негативни појави (пушење, алкохол и дрога)<br>• Обезбедување здрава и достапна храна<br>• Поддршка на учениците со попречености<br>• Грижа за безбедноста на учениците во дигиталното окружување |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Извештаи и анализи од стручната служба;<br>• Годишна програма за работа на калсниот раководител.<br>• Интервју со психолог<br>• Програма за работа на стручната служба;<br>• Програма за работа на директорот;<br>• Пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училиштето,зградата на училиштето,дворот<br>• Интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди | Врз основа на извршените анализи на добиените податоци, може да се констатира дека училишниот простор е целосно безбеден за спроведување на воспитно-образовниот процес. Училиштето располага со писмено усвоени мерки и активности за безбедност на учениците за време на наставата во објектот и во училишниот двор, кои доследно се имплементираат во согласност со утврдените планови.<br>Документите План за заштита и спасување и Правилник за заштита од пожари и поплави претставуваат основа за регулирање на постапките во случај на елементарни непогоди или пожар. Промовирањето на безбедноста, грижата за физичкото и менталното здравје на учениците, како и континуираното следење на нивните емоционални, социјални и развојни потреби, без оглед на пол, етничка или друга припадност, е едно од основните начела на училиштето.<br>Во таа насока, училиштето презема повеќе активности:<br>• Инфраструктурата (мебел, скалила, подови, електрични инсталации) е безбедна и не претставува ризик за учениците.<br>• Обезбедена е сигурна, уредна и стимулирачка средина со организирано дежурство на наставници.<br>• Промовирање на позитивна работна атмосфера, каде наставниците преку сопствени иновативни пристапи создаваат пријатна средина на часовите.<br>• Воспитна улога на класните раководители, кои подготвуваат годишни планови со тематска расподелба на часовите по Образование за животни вештини, прилагодена на возраста на учениците.<br>• Советодавна поддршка од стручната служба, која преку индивидуални и групни советувања овозможува надминување на емоционални потешкотии кај учениците. |

| | |
|---|---|
| • Увид во просторни капацитети и увидот на час<br>• Увид во педагошката евиденција (работа на проекти),<br>• Анкета со ученици<br>• Анкета со родители<br>• Записници од работата наЦрвениот крст<br>• Извештаи од воспитно-образовната работа<br>• Распоред за дежурства на наставници<br>• Кодекс на однесување на наставници и ученици<br>• Евидентни листови за работа со ученици и родители од страна на стручната служба<br>• Записници (евидентни листови) од индивидуални разговори со ученици и родители; увид во просторните капацитети и увид на час<br>• Упатства на училиштето за формите и методите што ги користи<br>• Досие на ученикот | • Активно вклучување на родителите и локалната заедница во создавање безбедна физичка и социјална средина.<br>• Бесплатен ученички превоз за учениците што живеат на оддалеченост над два километри, финансиран од МОН.<br>• Реализација на активности за мултиетничка интеграција, со цел развивање на свеста за мултикултурното општество.<br>• Истакнување на ученички кодекс на видно место во секоја училница и запознавање на родителите со неговата содржина.<br>• Редовно организирање на симулации за постапување при елементарни непогоди, најмалку еднаш годишно.<br>• Обучен кадар за прва помош и сертифицирани наставници и ученици за интервенирање при несреќни случаи.<br>• Строга примена на правилата за користење на работната опрема со обезбедување на оптимални услови за работа (температура, вентилација и осветлување).<br>• Училиштето е во изведба на нова фасада на училиштето<br><br>Случаите на ментална или физичка злоупотреба се ретки. При појава на сомнеж, класните раководители и стручната служба веднаш интервенираат, ја вклучуваат семејната средина и, доколку е потребно, се воспоставува соработка со надлежните институции како Центарот за социјална работа и МВР.<br><br>• Постојана е комуникацијата со СВР Велес за превенција од малолетничка деликвенција и за унапредување на безбедноста во училиштето.<br>• Сите вработени се запознаени со нивната улога во заштитата на учениците и постапуваат со висока сензибилност, почитувајќи ги правата, приватноста и достоинството на учениците.<br>• Програмата за Образование за животни вештини придонесува кон развивање на самодоверба, емоционална писменост и почитување на различностите.<br>• Училиштето е активно вклучено во Проектот за унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничка толеранција, со што се работи на намалување на предрасудите и поттикнување на мирољубиво соживување.<br>• Превенција од употреба на цигари, алкохол и наркотични супстанции<br>• Строга политика за забрана на пушење, консумација на алкохол и наркотични средства е воспоставена и доследно се применува.<br>• На видно место се истакнати ознаки за забрана за пушење, а политиката ја почитуваат и учениците и вработените. |

| | |
|---|---|
| • Програма од Образование за животни вештини<br>• Досие на ученикот<br>• Програма од Образование за животни вештини | • Во соработка со локалните институции (Црвен крст, оддел за превенција и невладини организации), се реализираат едукативни активности за подигнување на свеста кај учениците.<br>Во училиштето се потенцира за здравиот начин на живот а дел од него е исхраната. На класните часови на учениците континуирано се опоменувани за начинот на исхрана и постојано се апилира да практикуваат здрава исхрана<br><br>Во поглед на инклузивноста:<br>• Поставена е рампа за лица со физички инвалидитет на едниот влезот во училиштето.<br>• Лицата со телесна попреченост можат самостојно да се движат на приземјето, каде е обезбеден и специјализиран тоалет.<br>• Училиштето активно учествува во проектот за Условен паричен надоместок за ученици чиј родители се корисници на социјална помош.<br>• Организирани се акции за доделување ваучери за храна преку Црвениот крст.<br>• Во услови на пандемија, учениците добија таблети од Општина Велес за непречено следење на наставата.<br>• По потреба се иницираат донации од страна на наставниците за директна поддршка на учениците.<br><br>Во делот на грижа за безбедноста на учениците во дигиталното опкружување:<br>• Спроведени се работилници за едукација на учениците за безбедно и одговорно користење на интернет и социјални мрежи.<br>• Обезбедени се насоки за заштита на лични податоци и препознавање на ризици во дигиталното опкружување.<br>• Воспоставени се јасни протоколи за постапување во случај на онлајн насилство или злоупотреба, со навремено вклучување на стручната служба.<br>• Родителите се активно вклучени во активности за подигнување на свеста за дигиталната безбедност на нивните деца.<br>• Преку наставните содржини за дигитална етика се промовира одговорно дигитално граѓанство.<br>Иако во претходната учебна година иницијативата за воведување на физичко обезбедување преку агенција не беше поддржана од страна на родителите, со оглед на актуелните безбедносни ризици (дојави за бомби, инциденти во регионов), препорачливо е повторно преиспитување на таа одлука.<br>Стручната служба, наставниците и класните раководители активно работат на воспитување и превенција на насилство преку утврдените програми. Сепак, имајќи ги предвид новите |

| | |
|---|---|
| | предизвици, потребно е интензивирање на работилници и обуки за развој на емоционалната интелигенција кај учениците.<br><br>**Според анкетите:**<br>• 100% од наставниците изразуваат подготвеност за создавање позитивна клима, развивање на одговорност и поддршка на здравјето на учениците.<br>• 95% од родителите позитивно ја оценуваат ефикасноста на училиштето во реагирање на безбедносни ситуации, како и работата на училиштето во насока на промовирање меѓуетничка толеранција и соработка.<br>• 97% од учениците  имаат позитивно мислење за училиштето |

## Индикатор 4.2 Здравје

| Теми | • Обезбедување на хигиена и превенција од болести<br>• Промоција на здрави жижвотни навики (физичка активност,  здрава исхрана, ментално здравје) |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Педагошка евиденција и документација (за систематски и стоматолошки<br>• Здравствени прегледи на учениците)<br>• Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на | - Во училиштето хигиената е на задоволително ниво.Тоалетите занаставниците и учениците редовно се чистат и дезинфицираат и се обезбедуваат со течен тоалетен сапун во секое време во текотна денот(се работи во една смена од 07.15.часот до 13.15 часот).Се води сметка учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната  хигиена и лицата за одржување на хигиената во училиштето на секој одмор ги чистат ходниците и скалите  и ги собираат отпадоците;<br>- Училниците се чистат по завршувањето на смената и се подготвуваат за настава за наредниот ден.Поставени се и корпи за отпадоциво училишниот двор,ходниците и во секоја училница.Учениците постојано се советуваат да ги фрлаат отпадоците во корпите, но, се случува мал број ученици со недоволно изградени хигиенски и културни навики да не ги почитуваат овие правила.Во училиштето на видливи места се истакнатии упатства за одржување наздрава животна средина-промовирање на здрав начин на живот.При чистење |

| | |
|---|---|
| учениците<br>• Анкета со ученици<br>• Анкета со родители<br>• Податоци за организирани предавања и трибини во училиштето<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Увид во училишниот простор<br>• Извештај од воспитно образовната работа на училиштето | на ходниците,училниците,санитарните јазли и спортската сала секористат нетоксични средства и се води сметка за здравјето на учениците и вработените.Исто така и при бојадисување на зидовите се користат еколошки бои и се почитуваат еко-стандардите;<br>- Училиштето презема активности за уредување и одржување на хигиената во училишниот двор и внатрешните простории:<br>• Поставени се корпи за отпадоци во сите училници, ходници и во училишниот двор;<br>• Се спроведуваат редовни едукативни активности за развивање на свеста кај учениците за правилно управување со отпадот и одржување на чистотата;<br>• И покрај општата одговорност на учениците, се забележува потреба од дополнителни активности за едукација на мал број ученици кај кои сè уште не се изградени целосно здрави хигиенски навики;<br>• Училиштниот двор е чист и уреден, но се идентификува потреба за зголемување на зелените површини и подобрување на условите за рекреација. |

## Индикатор 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

| **Теми** | • **Советување за избор на понатамошно образование, кариера и вработување**<br>• **Подршка на учениците со емоционални, психолошки и социјални потешкотии**<br>• **Развивање на животни вештини (самодоверба, комуникација, решавање на конфликтни ситуации)** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Родителски средби<br>• Совет на родители<br>• Училишен одбор<br>• Индивидуални средби на родителисо наставници,стручната | Училиштето посветено работи на обезбедување на јасни, точни и актуелни информации за можностите за понатамошно образование, стручно доусовршување и вработување на учениците. Во таа насока се реализираат следните активности:<br>- Организација и учество на различни настани како што се трибини, отворени денови, посети на средни и високообразовни институции, како и конференции за професионална ориентација.<br>- Користење на промотивни материјали и современи методи за информирање на учениците. |

| | |
|---|---|
| служба<br>• Анкета со ученици<br>• Анкета со родители<br>• Интервју со стручен соработник | - Организирање на индивидуални и групни консултации со стручната служба и наставниците.<br>Врз основа на спроведеното интервју со стручниот соработник и анализата на анкетите со ученици и родители, утврдени се следните факти:<br>- На учениците им се даваат тестови за професионална ориентација, спроведени од страна на стручната служба;<br>- Стручниот соработник и наставниците постојано се достапни за консултации и совети поврзани со изборот на кариера и понатамошно образование;<br>- Учениците се активно вклучени во практична работа во реални деловни субјекти преку наставниот предмет **Учење преку работа**, што се реализира за учениците од трета и четврта година;<br>- Училиштето применува повеќе пристапи за подготовка на учениците за идните професионални предизвици, вклучително;<br>- Самооценување на сопствените вештини и интереси;<br>- Поддршка при изработка на кратка биографија (CV);<br>- Подготовка за интервју за работа.<br><br>Училиштето овозможува поддршката за ученици со емоционални, психолошки и социјални потешкотии преку:<br>- следење на потребите на учениците со анкети, интервјуа и директни набљудувања;<br>- обуки на наставниот кадар за препознавање и интервенција;<br>- индивидуална и групна поддршка од страна на стручната служба;<br>- активности за развој на инклузивна и поддржувачка училишна клима;<br>- соработка со родители и надворешни стручни институции.<br>Во насока на целосен личен развој на учениците, училиштето организира и спроведува активности за развивање на клучни животни вештини како што се самодоверба, ефективна комуникација и конструктивно решавање на конфликтни ситуации.<br>Преку различни форми на едукативни работилници, проекти, дебати, симулациски игри и тимска работа, учениците се поттикнуваат да:<br>- градат позитивна слика за себе и развиваат самодоверба;<br>- подобрат вербална и невербална комуникација во различни социјални контексти;<br>- научат стратегии за мирно, рационално решавање на конфликти.<br>Активностите се прилагодени на возраста и потребите на учениците и се реализираат во соработка со наставниот кадар, стручната служба и, по потреба, со надворешни стручни соработници.<br>Развивањето на овие животни вештини има за цел да ги подготви учениците за успешно справување со лични и општествени предизвици и за активно и одговорно учество во заедницата. |

| | |
|---|---|
| | **Резултати од анкетите:**<br>Во анкетирањето беа опфатени 40 ученици и 40 родители од различни етнички заедници и полови, од сите класови (I-IV година). Анализата на податоците покажува:<br>- Учениците, при појава на дилеми или потреба за насочување, најпрво иницираат комуникација со класниот раководител, а потоа, во зависност од природата на потребата, се обраќаат и кон стручната служба.<br>- Стручната служба, заедно со наставниот кадар, обезбедува континуирана психолошка, едукативна и професионална поддршка на учениците и нивните родители.<br>- Системски се спроведуваат активности за рано препознавање на емоционални и социјални потешкотии кај учениците, со примена на утврдени протоколи за интервенција.<br>- Соработката со надворешни институции, како здравствени установи, центри за социјална работа и Секторот за внатрешни работи, се реализира навремено и ефикасно, со цел обезбедување дополнителна стручна поддршка. |

## Индикатор 4.4 Следење на напредокот

| **Теми** | • **Следење на индивидуалниот напредок научениците**<br>• **Анализа на напредокот на учениците попаралелки**<br>• **Индивидуализирана поддршка за ученици со потреба за дополнителна едукација или помош** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Записници од родителски средби<br>• Записници од совет на родители<br>• Записници од училишен одбор<br>• Записници од | Во насока на обезбедување континуирано унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, училиштето имплементира систематски пристап за следење на индивидуалниот развој и напредок на учениците. Преку редовни анализи на постигнувањата на ниво на паралелка и училиште, како и преку индивидуализирана поддршка за ученици со идентификувани потреби за дополнителна едукација или помош, се обезбедува навремено препознавање на предизвиците и развивање на ефективни интервенции. Овој пристап е дополнително засилен со воспоставените механизми за редовно информирање и вклучување на родителите во процесот на ученичкиот развој. |

| | |
|---|---|
| индивидуални средби на родители со наставници,стручната служба<br>• Анкета со ученици<br>• Анкета со родители | Во контекст на образовната стратегија на училиштето, значајна улога има систематското следење на индивидуалниот напредок на учениците. На тој начин се обезбедува дека секој ученик добива соодветна поддршка, која е базирана на неговите индивидуални потреби и капацитети. Со редовна проценка на постигањата и внимателно следење на нивниот развој, училиштето ги адаптира своите наставни методи и ресурси за да овозможи оптимален успех на секој ученик. Училиштето воспостави функционален систем на континуирано информирање на родителите за постигнувањата и развојот на учениците. Информациите се пренесуваат преку: редовни и вонредни родителски средби, индивидуални консултации со наставниците и стручната служба, организирање на инфо-денови со учество на сите наставници, редовна дистрибуција на педагошка евиденција, електронски дневник, класни извештаи, како и преку формализирано информирање на органите како што се Советот на родители и Училишниот одбор.<br>Од значење е и анализата на постигнувањата на учениците по паралелки и на ниво на училиште. Оваа анализа не само што ги осветлува слабите и силни точки на поединечните ученици, туку и на целокупната паралелка или група, што овозможува на училиштето да предвиди области за потенцијално подобрување и да ги прилагоди наставните активности. Оваа анализа е клучна за дефинирање на следни чекори во процесот на учење, за да се постигнат поголеми резултати во напредокот на учениците.<br><br>Училиштето продолжува да се фокусира на учениците кои имаат специфични потреби или потреба од дополнителна помош во едукативниот процес. За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставната материја, училиштето нуди индивидуализирана поддршка преку дополнителни работни задачи, консултации и помош од стручната служба. Овој пристап им овозможува на учениците да напредуваат во согласност со нивните капацитети и да не се чувствуваат изоставени во образовниот процес.<br>Во случаите кога учениците покажуваат знаци на емоционални или психолошки проблеми, училиштето има воспоставено јасни процедури за рано откривање и грижа. Психологот и педагогот работат во тесна соработка со наставниците и родителите, нудејќи им потребна поддршка и помош. На овој начин, училиштето не само што се грижи за академскиот развој на учениците, туку и за нивното ментално и емоционално благосостојба.<br><br>Во контекст на постојаното подобрување на воспитно-образовниот процес, наставниците подготвуваат редовни извештаи по квартали за напредокот на учениците во своите паралелки. Овие извештаи се важен инструмент за анализирање на ефективноста на наставните методи и за идентификување на области кои треба да се подобрат. Анализите се спроведуваат на класните заедници и на советите на паралелките, што овозможува пристап до колективни решенија за унапредување на наставата. Резултатите од овие анализи се доставуваат на стручната служба, раководството и другите наставници, што дозволува заедничко креирање на |

| | |
|---|---|
| | стратегии за подобрување на процесот. Од особено значење е вклучувањето на родителите во оваа анализа, бидејќи нивните сугестии и предлози се драгоцени за да се постигне оптимален развој на учениците.<br><br>**Во рамките на спроведената анкета**, која ги опфати учениците и родителите од сите години , беа добиени следниве сознанија:<br><br>• Според резултатите, 85% од родителите сметаат дека училиштето придонесува за насочување на учениците во нивниот иден професионален развој, укажувајќи на потребата за дополнително јакнење на активностите за кариерно советување и професионална ориентација;<br>• Анализата на одговорите од учениците покажа дека 95% го перцепираат училиштето како безбедна и поддржувачка средина за учење, а голем дел од нив активно учествуваат во воннаставни активности кои го поттикнуваат развојот на личните таленти и интереси;<br>• 85% од учениците истакнаа дека наставниците и стручната служба се достапни и подготвени да обезбедат емоционална, психолошка и социјална поддршка во моменти на потреба;<br>• Од анализата произлезе дека 75% од учениците сметаат дека училиштето треба да обезбеди поголема поддршка за учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, особено преку адаптација на задачите и индивидуализирани програми за учење;<br>• Меѓународната отвореност на училиштето е позитивно оценета од страна на учениците, при што 97% од нив потврдија дека преку учество во меѓународни проекти на Еразмус плус, поддржани од Националната агенција, имаат можност за размена на искуства со странски образовни институции. Овие активности не само што им овозможуваат да ги развиваат своите компетенции и потенцијали, туку и да се запознаат со нови култури и образовни практики, што им помага да го прошируваат своето знаење и да стекнуваат вештини неопходни за нивниот личен и професионален развој. |

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Безбедна, уредна и пријатна училишна средина – Училиштето обезбедува сигурна и организирана средина која ги стимулира учениците да се развиваат и учат во здрави услови.<br>• Посебна грижа и внимание за учениците со посебни потреби – Инклузивна поддршка која обезбедува рамноправно учество за сите ученици, без оглед на нивните специфични потреби. |

| | |
|---|---|
| | • Поддршка за ресоцијализација на учениците кои биле малтретирани или злоупотребени – Систематски процеси за поддршка и враќање на самопочитта на учениците кои биле изложени на емоционални или физички проблеми.<br>• Квалитетна хигиена во училиштето и училишниот двор – Редовно чистење и дезинфекција на сите училишни простории и двор, обезбедувајќи здравствено безбедна средина за учениците.<br>• Редовни систематски и стоматолошки прегледи на учениците – Прегледи спроведувани редовно, со цел навремено откривање и третирање на здравствени проблеми кај учениците.<br>• Грижа за здравјето на сите ученици, без дискриминација – Обезбедувањето на соодветна здравствена грижа за сите ученици без разлика на нивниот статус.<br>• Постојана поддршка за учениците со здравствени проблеми – Активно се работи на обезбедување на соодветни ресурси за учениците кои имаат здравствени потешкотии.<br>• Поддршка за учениците од социјално загрозени семејства – Обезбедување на помош и ресурси за учениците кои доаѓаат од социјално и економски осиромашени семејства.<br>• Програма за превенција од заразни болести – Изработена е и активно се применува програма за заштита од здравствени ризици и заразни болести.<br>• Психолошка поддршка за учениците – Креирање на континуирана поддршка за учениците во однос на менталното здравје, како и развој на програми за управување со стрес, анксиозност и депресија.<br>• Соработка со бизнис заедницата за практично образование – Во соработка со бизнис заедницата, учениците од трета и четврта година учествуваат во програмата „Учење преку работа кај работодавач“, што им овозможува да стекнат практични вештини и искуства важни за нивната иднина. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Недоволно зелени површини во училишниот двор<br>• Недостаток физичко обезбедување од страна на агенција за обезбедување |
| **ПРИОРИТЕТИ** | • **Поттикнување на организирање на повеќе работилници и обуки за развој на емоционална интелегенција кај учениците во насока на превенција од несакани конфликти и други негативни ситуации**<br>• **Зголемена и продлабочена соработка со бизнис заедницатаво делот на изведување на практичното образование преку предметот Учење преку работа кај работодавач и Феријална практика**<br>• **Развој на инклузивна училишна средина**<br>• **Програми за развој на лидерски вештини и социјална одговорност** |

# Подрачје 5. Училишна клима

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 5.1 | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед / имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањетоодлуки |
| 5.2 | Промовирање на постигањата | • Промовирање на личните постигања научениците<br>• Промовирање на постигањата во име научилиштето |
| 5.3 | Еднаквост и правичност | • Познавање на правата надецата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултуризмот |
| 5.4 | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | • Соработка на училиштето сородителите<br>• Соработка со локалнатазаедница<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниотсектор |

# Индикатор 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

| | |
|---|---|
| **Теми** | • **Углед / имиџ на училиштето**<br>• **Кодекс на однесување**<br>• **Училишна клима**<br>• **Поведение и дисциплина воучилиштето**<br>• **Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки** |
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Анализа од анкетни прашалници за ученици<br>• Анализа од анкетни прашалници за наставници<br>• Разговори на класни раководители со родители<br>• Кодекс за однесување на ученици<br>• Кодекс за однесување на наставници<br>• Кодекс за однесување на родители<br>• Дневници и записници од класни раководители за разговори со родители | - Училиштето е препознатливо според квалитетот на работа и посветеноста на наставниците кон учениците за да им овозможат постигнувања во различни области, како и според насоченост кон остварувањето на визијата и мисијата на училиштето;<br><br>- Наставниот кадар има солидна соработка со родителите. Учениците и вработените се грижат за угледот на училиштето и се горди што се дел од него;<br><br>- Нашите ученици забележуваат одлични постигнувања во различни области (натпревари по стручни предмети , натпревари по странски јазици, спорт, глума, натпревар за бизнис и претприемништво- создадоа нашите ученици иновативен производ со кој се промовираа и на меѓународен натпревар);<br><br>- Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици и вработени;<br><br>- Училиштето ги негува и почитува мултикултурализмот и родовата сензитивност и води политика на нивно промовирање и успешно спроведување во секојдневната работа;<br><br>- Училиштето ја поддржува и секојдневно се бори да ја зајакне уште повеќе вклученоста (инклузивноста) и учеството (партиципацијата) на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот;<br><br>- Потребна е уште поинтензивна соработка со родителите и нивна инклузија во училишниот живот;<br><br>- Исто така, менаџментот и наставниот кадар треба да се стремат да всадат кај учениците почит кон училиштето и свест дека и тие треба да се грижат за неговиот углед и да им овозможат на учениците, а и на самите себе, да бидат горди што се дел од ова училиште; |

| | |
|---|---|
| | - Училиштето има **Кодекс на однесување** и се поставени во сите училници, со цел секој ученик, наставник и родител да може да ги прочита, да биде информиран и свесен за начинот на којшто треба да се однесува во училиштето, односно за своите права, но и обврски. Со овој кодекс се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во неговата изработка учествуваа претставници на сите структури, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури.<br><br>- Во училиштето постојат напишани процедури за реакција во случај на прекршување на правилата за однесување кои се пропишани со кодексот и таквите процедури редовно и одговорно се спроведуваат во практика.<br><br>- Во училиштето постои **позитивна клима** за работа, постои солидна и професионална соработка помеѓу вработените и според резултатите добиени од анкетните прашалници, најголем дел од учениците сметаат дека односот на наставниците кон нив е коректен и професионален;<br>- Раководниот и наставниот кадар се постојани во своите напори да обезбедат добра атмосфера во училиштето;<br>- Во училиштето се води постојана грижа за односот наставник ученик, наставник- родител и односот помеѓу самите наставници;<br><br>**Одговори од прашалник на анкетираните наставници:** .<br>▪ 75% од наставниците сметаат дека секогаш, а 25% некогаш во текот на секојдневното работење се чувствуваат почитувани од колегите<br>▪ 50 % од наставниците сметаат дека меѓусебната соработка и атмосферата за работа е пријатна, а исто толкав процент сметаат дека меѓусебна соработка и атмосферата за работа е понекогаш пријатна<br>▪ 55% од наставниците сметаат дека секогаш во нашиот колектив владее добра комуникација и меѓусебна соработка, , а 45% од наставниците сметаат дека во колективот нема добра комуникација и меѓусебна соработка<br>▪ 96% од наставниците сметаат дека Наставничкиот совет учествува во донесување важни одлуки за училиштето<br>▪ 90% од наставниците сметаат дека Директорот и стручната служба ги поддржуваат кога имаат потреба од помош, а 10 % од наставниците Директорот и стручната служба ги поддржуваат само понекогаш кога имаат потреба од помош |

| | |
|---|---|
| | ▪ 75 % од наставниците се чувствуваат сигурно и пријатно на работното место, 25% од наставниците понекогаш се чуствуваат сигурно и пријатно на работното место.<br><br>Од анализата на прашалникот за наставниците, се донесе заклучок дека најголем дел од наставниците одговориле дека во текот на работниот ден се почитувани од колегите, половина од анкетираните наставници имаат добра комуникација и меѓусебна соработка , најголем дел сметаат дека учествуваат во процесот на донесување на одлуки важни за училиштето и најголем дел сметаат дека директорот и стручната служба ги поддржуваат кога имаат потреба од помош.<br><br>**Одговори од прашалник на анкетираните ученици:**<br>▪ 86% од учениците се чувствуваат пријатно во училиштето, а 14% од учениците не се чуствуваат пријатно во училиштето<br>▪ 76% од учениците сметаат дека безбедно се чувствуваат во училиштето, а 24% од учениците сметаат дека делумно безбедно се чувствуваат во училиштето<br>▪ 66% од учениците сметаат дека за време на часовите атмосферата е пријатна, а 34% дека е делумна пријатна<br>▪ 94 % од учениците сметаат дека односот на наставниците кон учениците во училиштето е коректен и професионален, а 6% од учениците сметаат дека односот на наставниците кон учениците во училиштето е некоректен и непрофесионален<br>▪ 56% од учениците сметаат дека секогаш се вклучени во донесување на одлуки за сите прашања поврзани со нивниот училишен живот и интереси, а 44% од учениците сметаат дека понекогаш се вклучени во донесување на одлуки за сите прашања поврзани со нивниот училишен живот и интереси<br>▪ 74% од учениците сметаат дека секогаш редот и дисциплината во училиштето за време на часовите и одморите, е на задоволително ниво, наспроти 26% од учениците кои сметаат дека понекогаш редот и дисциплината во училиштето, за време на часовите и одморите, е на задоволително ниво<br>▪ 66% од учениците сметаат дека наставниците секогаш ги мотивираат да стекнуваат нови знаења, а 34% од учениците сметаат дека наставниците понекогаш ги мотивираат да стекнувам нови знаења<br>▪ 56 % од учениците сметаат дека професорите применуваат иновативни и интересни техники и методи на часовите со цел истите да бидат интересни и корисни за нив, а 44% од учениците сметаат дека професорите делумно применуваат иновативни и интересни техники и методи на часовите со цел истите да бидат интересни и корисни за нив<br><br>Од анализата на прашалникот за ученици се согледа дека анкетираните ученици сметаат дека во училиштето се чувствуваат пријатно, а малку се изјасниле дека постојат можности за |

| | |
|---|---|
| | подобрување на училишната клима; Во контекст на ова, анкетираните ученици се изјасниле дека на часовите се чувствуваат пријатно, а малку сметаат дека има простор да се влијае на подобрување на работната атмосфера за време на часовите.<br><br>**Одговори од прашалник на анкетираните родители:**<br><br>• Наставниците се секогаш подготвени за соработка сметаат 86% од родителите, понекогаш соработувале 11%, а никогаш одговориле 3%.<br>• Помош од наставниците и стручната служба секогаш добиле 72%, а понекогаш 28%.<br>• 73 % сметаат дека е мотивирачка работната средина за децата, а понекогаш 27%.<br>• 50% активно се вклучени во донесување на одлуките во училиштето сметаат 39% понекогаш, а 11 % никогаш.<br>• Редовно информирани за настаните во училиштето се 53 %, понекогаш се информирале 39% никогаш 8%<br>• Редовно информирани за успехот и редовноста 84 %, понекогаш 8 % и 8 % сметаат дека никогаш не биле информирани.<br>• Секогаш поканети на манифестации се 23 %, понекогаш поканети биле 47 % понекогаш, 31 % никогаш.<br>• Дека училиштето нуди солидна основа за факултет и пазарот на трудот сметаат 61 % понекогаш 31 % и 8 % никогаш.<br>• Задоволни од соработката со училиштето секогаш се 71% од родителите, 26 % понекогаш, а 5 % никогаш<br>• Дека има простор за подобрување на соработката помеѓу родителите и училиштето сметаат 14%, а 86% дека постои добра соработка<br><br>- Класните раководители, како и сите предметни наставници, редовно се грижат за поведението на учениците, за одржување на ред и дисциплина во училиштето, за време на часовите и за време на одморите;<br>Работата на класните часови, согласно програмата за работа го актуелизира проблемот на почитување, односите меѓу учениците од ист или од различен пол или од различно етничко потекло се исполнети со почитување и со тоа активно ја подигнува свеста и на наставниците и на учениците во однос на ова прашање. Паралелките во нашето училиште се формираат исклучиво на принципот на еднаквост во однос на половата и етничката припадност. Активностите поврзани со промоција на активностите на училиштето, како и работата на самото училиште секогаш го подразбира основниот принцип на подеднакво учество на учениците од различно етничко потекло и различен пол. Во нашата средина, проблемот од оваа природа одамна е надминат. Натпреварите од спортски и научен карактер, подготовка на приредби и |

| | |
|---|---|
| | манифестации од отворен тип, како и учеството во различни проекти, правично ги застапува сите ученици. Училиштето е вклучено во проектот Мултиетничка интеграција во образованието и дел од активностите подразбираат поттикнување на свеста кај учениците за стереотипи, предрасуди и начини на интеграција на единки од различна етничка заедница во нашето мултукултурно општетсво. Во изминативе две години, за време на класните часови, се реалзирани активности на кои преку работилници и со користење на материјали од ОЖВ се работи на ова поле.<br><br>- За време на одморите во сите ходници на училиштето има дежурни наставници; Дежурството на наставниците е организирано според однапред изработен план за дежурства и истиот е поставен на огласна табла во канцеларија на наставниците;<br><br>- **Дисциплината** на учениците воглавно задоволува, но не е на највисоко ниво. Постои простор за подобрување; Проблемот со **поведението и дисциплината** на учениците е комплексен проблем, кој не можеме да го анализираме без општествените влијанија. Во нашето училиште најзастапени се проблемите со вербално насилство, меѓуврсничко малтретирање (булинг), препишување на тестови и несоодветна употреба на мобилни телефони и технологија и изостанување од настава и во некои случаи отежната комуникација со родителите. Правилникот на работата на педагошко-психолошката служба, кодексот на однесување на учениците и наставниците, јасно укажуваат на правата и обврските на учениците и наставниците. Кодексот на однесување на учениците и наставниците принципиелно е заснован на почитување на начините на однесување во училиштето. Тој ги подразбира редовноста, дисциплината, начинот на облекување, начинот на однесување за време на часовите и одморите, заштита на училишниот инвентар, еколошката свест и слично. Правилникот се однесува на сите и сите треба да го почитуваат. Досегашните извештаи, сепак укажуваат на поизразена недисциплина и непочитување на одредени правила кај машките ученици, но сепак во незначителен процент повеќе отколку припадничките на женскиот пол. Најголем дел од учениците се совесни и соработуваат со вработените и меѓусебно, и учтиво се однесуваат. Но, постојат и ученици-поединци кои не внимаваат на своето однесување и причинуваат проблеми во соработката со наставниците и со соучениците, а понекогаш и ја попречуваат работата на часот и ја нарушуваат пријатната атмосфера на часот.<br><br>- Засега решението се заокружува со изрекување на педагошки мерки, чија цел е да се делува на однесувањето на учениците. На класните часови и во програмата и практично, се актуелизираат тековните проблеми во воспитно-образовниот процес, преку разговори и предлози за нивно надминување. Како законска одредба се воведе и групно советување на родители според три критериуми кое редовно се реализира во училиштето, а се воведе и групно советување на ученици. Во училиштето редовно се реализира групно советување на родители и ученици. Советот на родители редовно ги следи активностите на училиштето во оваа смисла и соработува со училиштето. Нивните предлози обично повеќе ја опфаќаат безбедноста на |

| | |
|---|---|
| | учениците и можностите за заштита на учениците од негативните влијанија. Оттука, проблемот со дисциплината и поведението и понатаму останува отворен за нови модели со кои полесно ќе се надминува.<br><br>- Во случаите на нередовност и недисциплина, наставниците секогаш соработуваат со родителите и стручната служба и ги разрешуваат настанатите проблеми;<br><br>- Училиштето секогаш го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки во случаи кога ќе се наруши кодексот за однесување;<br><br>- Учениците слободно го изразуваат **своето мислење и учествуваат во донесување на одлуки и решавање на проблеми кои се од нивни интерес;**<br>- Во училиштето функционира демократски формирана ученичка заедница; |

## Индикатор 5.2 Промовирање на постигањата

| **Теми** | • **Промовирање на личните постигања на учениците**<br>• **Промовирање на постигањата во име на училиштето** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Годишна програма за работа<br>• Правилник за изрекување пофалби, доделување на дипломи и на награди на ученици во училиштето<br>• Медиумско промовирање,веб страната на | - Постигнувањата на учениците и вработените во училиштето се промовираат преку истакнување на постигнатите резултати на официјалната веб страна и на Facebook и Instagram профилот на училиштето, но сепак има активности со кои може да се зголеми афирмацијата на наставниците и учениците;<br><br>- Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Дел од учениците имаат високи очекувања од самите себе и од другите; тие имаат аспирации за повисоки постигања на ниво на училиште и на националните и меѓународни натпревари;<br><br>- Има правилник за наградување и пофалување на учениците во училиштето;<br><br>- Личните постигања на учениците се промовираат и преку известувања по училници, на Наставнички совет, на огласна табла и во Извештаите за воспитно – образовната работа на училиштето, а планирано е во најскоро време да се постави и пано во училишниот хол; |

| | |
|---|---|
| училиштето, facebookпрофил на училиштето; Инстаграм;<br>• Извештаи од работата на училиштето<br>• Освоени награди од ученици | - Најголем дел од учениците имаат скромни очекувања од себе бидејќи средината за учење, но и дел од наставниците не ги мотивираат доволно;<br>- Постигањата на вработените во училиштето се промовираат на Наставнички совет и во Извештаите за воспитно – образовната работа на училиштето, профилите на Facebook и Instagram профилот и на официјалната веб страна;<br>- Постигнувањата на училиштето се промовираат медиумски, се промовираат на веб страната на училиштето. Но, без разлика на успешната промоција, училиштето сеуште нема доволно развиен систем за ефикасно и праведно наградување на учениците кои постигнале успех и за наставниците кои го помогнале тоа со цел тие да се мотивираат и понатаму да постигнуваат успеси;<br>- Се уште не е реализирана идејата да на крај на секоја учебна година се изработува пано на кое ќе бидат истакнати сите постигања на учениците и професорите во тековната година и кое ќе биде со слики и текст и поставено во главниот хол; Потребно е да бидат опфатени поголем број на ученици кои ќе бидат наградени и пофалени на крајот од учебната година и тоа по различни основи, во смисла на пофалба за најредовни ученици, ученици со континуиран одличен успех со сите петки во текот на цела учебна година и ученици со континуиран одличен успех и одличен успех со сите петки во текот на сите четири години. |

## Индикатор 5.3 Еднаквост и правичност

| **Теми** | • **Познавање на правата на децата**<br>• **Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br>• **Прифаќање и промовирање на мултикултуризмот** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Анкетни прашалници за ученици<br>• Документ за заштита на детски права<br>• Извештаи за работата на училиштето каде се | - Сите вработени во училиштето ги знаат правата на децата и ги почитуваат истите кои до израз доаѓаат преку различни активности и вклученост во проекти. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и да ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. Исто така, училиштето ги вклучува и родителите за да ги запознае со правата на децата преку организирање на различни работилници;<br>- Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици за време на часовите и надвор од нив независно од нивната етичка и социјална припадност; |

| | |
|---|---|
| забележани сите наставни и воннаставни активности<br>• Дневници на паралелките каде од структурата се гледа дека имаме вклученост на ученици со различна етничка припадност | - Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување;<br>- Со учениците се разговара како да ги препознаат своите права доколку се најдат во ситуација и осетат одредена дискриминација во рамките на училиштето;<br>- Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на културна, верска, етичка, родова и јазична разновидност;<br>- Учениците учат да ја почитуваат својата култура и традиција, како и културата и традицијата на соучениците од други етнички групи;<br>- Училиштето редовно организира заеднички настани и воннаставни активности наменети за ученици од различни етникуми и преку сите овие активности училиштето промовира, поддржува и поттикнува меѓуетничка соработка и мултикултурализам;<br>- Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со некои прашања поврзани со дискриминација на глобално ниво. |

## Индикатор 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

| **Теми** | • **Соработка на училиштето со родителите**<br>• **Соработка со локалната заедница**<br>• **Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Анкетни прашалници со родители<br>• Интервју со стручен соработник<br>• Извештаите на училиштето во кои се заведени сите активности спроведени со локалната и деловна | - Претставници на родителите се активно вклучени во органите на управување и стручните тела на училиштето, како што е Совет на родители и Училишен одбор. Советот на родители го разгледува успехот, поведението и редовноста на учениците и дава мислење за нивно подобрување; Класните раководители и предметните наставници вложуваат труд максимално за да им овозможат на родителите да бидат вклучени во образованието на своите деца и во работата на училиштето; Родителите се покануваат да присуствуваат на манифестации организирани од училиштето како што е на пример приредбата по повод Патрониот празник на училиштето. Според анализата на прашалникот за родители, најголем дел од родителите се изјасниле дека наставниците во училиштето се секогаш подготвени за соработка со нив; Најголем дел од родителите сметаат дека средината делува мотивирачки на нивните деца, меѓутоа сеуште има простор за унапредување на техниките за мотивација; Анализата на анкетниот прашалник за родители покажува дека и |

| | |
|---|---|
| заедница,<br>• Дневник за работа кај работодавач<br>• Дневник за феријална практика<br>• Записници од совет на родители | покрај активната соработка, сеуште постои простор за зголемување на придонесот на родителите во процесот на донесување на одлуки и креирање на политиката на училиштето;<br>- Стручната служба на училиштето редовно испраќа покани до родителите на учениците кои имаат потешкотии во учењето и прилагодувањето во наставно- образовниот процес и редовно одржува обуки за родители до кои се испратени покани. Училиштето со родителите комуницира редовно преку родителски и индивидуални средби, отворен ден на училиштето, инфо ден на училиштето кој се реализира на месечно ниво;<br>- Училиштето спроведува акции од хуманитарен карактер во соработка со Црвениот крст и со локалните невладини организации;<br>- Во Училишниот одбор, кој е орган на управување во училиштето, како членови покрај родителите и наставниците влегуваат и тројца претставници од основачот општината, еден претставник од Министерството и еден претставник од деловната заедница. Преку овие претставници се остварува влијанието на локалната власт во работата на училиштето и обратно;<br>- Ученици од училиштето учествуваат во акции од еколошки карактер (пошумување и озеленување на градот и околината) кои ги организира локалната заедница;<br>- Соработката на училиштето со деловната заедница е на солидно ниво и тоа се согледува од активното функционирање на СПИН програмата, односно стекнување на професионално искуство под надзор. Со помош на оваа програма, нашите ученици имаат можност да посетуваат практична обука во 35 фирми, соработници на училиштето;<br>- На редовните часови по практична настава, со соодветните предметни наставници, учениците редовно посетуваат компании и институции во градот и добиваат можност да се запознаат со работата на тие фирми и да поразговараат со нивни претставници;<br>- Часовите по практична настава се посетени од претставници на деловната заедница кои на учениците им одржуваат предавања и им пренесуваат искуства од нивното реално работење; Примери за ваков вид на соработка се предавања одржани од претставници од реномирани банки во градот, како и претставници од приватните фирми;<br>Со воведување на дуалното образование се зголемија потребите од соработка со локалната заедница и деловната т.е. бизнис заедницата; За таа цел училиштето склучи партнерства со поголем број фирми и државни институции во градот каде нашите ученици добиваат можнода реализираат практично образование предвидена со новите наставни планови и програми. |

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Правилна грижа за здравјето и безбедноста на сите ученици;<br>• Негување и почитување на мултикултурализмот и родовата сензитивност и водење политика за нивно промовирање и успешно спроведување во секојдневната работа;<br>• Воспоставени кодекси за однесување на учениците, наставниците и родители<br>• Доследно почитување на Правилникот за наградување и пофалување на учениците во училиштето<br>• Рамноправен однос на сите вработени во училиштето кон сите ученици за време на часовите и надвор од нив независно од нивната етничка и социјална припадност.<br>• Силна и квалитетна промоција на работата на нашето училиште преку Facebook и Instagram профилите на училиштето и веб страната на училиштето, како и преку директен маркетинг преку организирани стручни работилници во основните училишта од нашиот град и регионот<br>• Квалитетна и стабилна соработка со родителите;<br>• Реализирање на различни еколошки и хуманитарни активности во и надвор од училиштето |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Појава на ученици-поединци кои не внимаваат на своето однесување и причинуваат проблеми во соработката со наставниците и со учениците, а понекогаш и ја попречуваат работата на часот и ја нарушуваат пријатната атмосфера на часот<br>• Нередовноста на учениците<br>• Ниската мотивација за учење кај голем број ученици<br>• Недоволна примена на програми и планови за работа со посебно надарени ученици<br>• Незадоволителна соработка на училиштето со бизнис секторот поради недоволна заинтересираност од нивна страна<br>• Недоволна заинтересираност на локалната самоуправа за соработка со училиштето |
| **ПРИОРИТЕТИ** | • **Со цел подобрување на училишната клима, зацврстување на врската наставник-ученик- родител, подигнување на нивото на комуникација помеѓу наставниците, на релација наставник- ученик и релација наставник- родител потребно е учество на семинари и обуки за комуникација, разрешување конфликти, тимска работа, проектен менаџмент;**<br>• **Поголема примена на програми и планови за работа со посебно надарени ученици во рамките на образовниот систем на училиштето;**<br>• **Поттикнување на понатамошна соработка на училиштето со бизнис секторот и поголема соработка, вклучување и информирање на локалната самоуправа за работата на училиштето;**<br>• **Подобрување на соработката наставник-стручна служба , стручна служба - ученици** |

# Подрачје 6. Ресурси

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 6.1 | Сместување и просторни капацитети | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| 6.2 | Наставни средства и материјали | • Опременост со стручна литература и наставни средства помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |
| 6.3 | Обезбедување на потребниот наставен кадар | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефикасност и распоредување на кадарот<br>• Стручната служба како поддршка на наставниот кадар |
| 6.4 | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | • Професионален развој на наставниците |
| 6.5 | Финансиско работење на училиштето | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

## Индикатор 6.1 Еднаквост и правичност

| Теми | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Развоен план на училиштето<br>• Пописни листи<br>• Извештај за воспитно-образовната работа<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Записници од просветна и санитарна инспекција<br>• Распоред на часови | - Училиштето е лоцирано во централното градско подрачје;<br>- Наставата се реализира во една смена во посебно уредени и опремени кабинети;<br>- Училиштето располага со реновирана спортска сала и пространи спортски терени збогатени со повеќе видови на спортски реквизити;<br>- Училишниот простор во кој се изведуваат наставните и воннаставни активности ги исполнува предвидените стандарди за работа (вклучувајќи ги и еко-стандардите);<br>- Просторните услови со кој располага училиштето се користат рационално и економично;<br>- Надминат е проблемот со заштеда на топлинска енергија поради целосната замена со пвц прозорци и врати на училиштето. Истотака заменета е и обновувена фасадата на училишната зграда со што се подобрува топлотната изолацијаставени се соларни панели и штедливи светилки кои заштедуваат електрична енергија.<br>- Подобрени се условите во училишната зграда од аспект на топлотна изолација и заштита на здравјето со замена на кровот на училишната зграда.<br>- Проблем претставува делумно неефикасниот систем за затоплување поради застарениот котел за парно греење како и старата електрична инталација.<br>- Направен е пристапен влез и адаптиран тоалет за лица со физички хендикеп но недостасува лифт за непречено движење на лицата со ограничени можности.<br>- Недостасуваат шкафчиња локери, клими во училниците, подобра внатршна уреденост на училиштето и уредување на училишниот двор.<br>- Во тек е адаптирање на внатрешниот двор на училиштето.<br>Воглавно училиштето нуди пријатни услови за целосна реализација на планираните наставни и воннаставни активности.<br>Врз основа на спроведените анкета во врска со просторните услови и унапредување на условите за работа и учење,спроведена со 30 ученици добиени се слените резултати: |

| | |
|---|---|
| | На прашањето број 1. Дали сте задоволни од изгледот и опременоста на вашата училница? 58% од учениците одговориле Да, Недоволно 25%, а Делумно 17%<br><br>2. Дали имате доволно простор за работа, учење и проекти во кабинетите?<br><br>70% одговориле Да, Недоволно 30%,а Незадоволително 0%<br><br>3. Како го оценувате училишниот двор и спортските терени?<br><br>Училишниот двор- незадоволително 100%,а Спортските терени – одлично 100%<br><br>4. Дали училиштето е топло и пријатно во зимскиот период?<br><br>58% од учениците одговориле со Да ,а Не 42%<br><br>5. Дали знаете дека училиштето има пристап за ученици со хендикеп? На ова прашање сите ученици одговориле потврдно, 100%.<br><br>6. Што би сакале да се подобри во вашето училиште кога се во прашање просторот и условите? На ова прашање учениците набројуваат: завеси во училниците, да се стават шкафчиња за секој ученик, подобро обележување на тоалетите, да се реновираат тоалетите, некои врати од тоалетите не се затвораат, да има медицинска сестра, да има продавница во училиштето ,клими во училниците, обезбедување, подобар изглед на училниците, подобрување на хигиената и реновирање на дворот.<br><br>Анкетата спроведена со наставниците во однос на просторните услови за работа во училиштето ги даде следните резултати:<br><br>На првото прашање - Дали сметате дека наставните простории се доволно опремени за квалитетно изведување на наставата? Да одговориле 27%, Делумно 55 %,а Не 17% од анкетираните наставници.<br><br>2. Дали постојните кабинети и простории се соодветно искористени според потребите на наставата? 70% велат Да, Делумно 23%, а Не-9%.<br><br>На прашањето 3. Дали спортската сала и спортските терени овозможуваат нормално одвивање на часовите по спорт и спортски активности? 80% велат Да ,а 20% сметаат Делумно.<br><br>Квалитетот на термичката изолација ја оценуваат сите анкетирани како задоволителна, а вентилацијата во училишните простории 20 % од нив сметаат дека е незадоволителна.<br><br>На петото прашање: Дали училиштето нуди соодветен пристап и услови за ученици со |

| | |
|---|---|
| | физички хендикеп? Да одговориле 55% , Делумно 23%,а Не 22% .<br>На шестото прашање каде се бараат предлози за подобрување на просторните услови во училиштето,наставниците ја издвојуваат потребата од повеќе зелени површини,лифт, сопствени кабинети и завеси во училниците. |

## Индикатор 6.2 Наставни средства и помагала

| **Теми** | • **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>• **Училишна библиотека**<br>• **Потрошен материјал** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Пописни акти на училиштето<br>• Евиденција на библиотеката<br>• Интервју со одговорното лице за библиотеката<br>• Разговор со ученици и наставници<br>• План за развој на училиштето<br>• Годишна програма за воспитно образовната работа на училиштето | - Училиштето располага со стручна литература и наставни средства кои соодветствуваат со современите наставни текови. Училиштето ги утврдува потребите за наставните средства и помагала, системски ги следи, употребува , одржува и набавува нови. Наставните средства и материјали соодветствуваат со стручната литература како и со наставните помагала за наставниците кои имаат потреба од нив. Сепак истите не се доволно соодветни за реформираното стручно образование (модуларна програма) кое подразбира покрај класичните надгледни средства и помагала и современи аудио визуелни помагала и средства, електронски табли и CD со вградени програми. Во нашето училиште имаме потреба од кабинети - работилници кои би требало да се опремени со компјутери кои ќе имаат вградени програми (софтвери - сите документи) по стручните предмети, бидејќи сме стручно училиште;<br>- Училиштето ги утврдува потребите за наставни помагала и истите се составен дел од наставната програма.Училиштето врши континуирано обновување со што е во содејство со современите наставни текови.Постојано се утврдуваат потребите од наставни средства, помагала и материјали и се прават напори за нивно обезбедување според расположливите можности. Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала .Покрај стандардно опремени училници (клупи, столчиња, катедра, табли) училиштето располага со |

| | |
|---|---|
| • Годишен извештај за воспитно образовната работа на училиштето<br>• Записници од стручни активи | потребните наставни помагала и дидактички материјали. Училиштето поседува и опрема потребна за изведување на редовната и практичната настава;<br>- Наставниците и учениците имаат можност да користат современа ИКТ опрема, со што им се овозможува примена на современи наставни методи за пренесување и стекнување на нови знаења и постојан напредок. Сите наставници располагаат со лаптопи кои ги користат во наставата.<br>- Наставните средства и помагала кои се на располагање во голема мера ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците. Недостатоци во овој сегмент се немањето учебници за одредени предмети, принтери, принтер-скенер. Нема програмски софтвер за поголемиот број предмети.<br>- Училишната библиотека располага со голем број лектирни изданија, книги, енциклопедии, стручна литература, разни прирачници за комуникациски вештини, речници и друго самостојно набавени или добиени од донации. Големиот библиотечен фонд постојано се надополнува со нови содржини во рамките на можностите;<br>- Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вон наставните активности согласно училишниот план.<br>Повремено се јавуваат одредени финансиски тешкотии, па се неопходни дополнителни напори за нивно надминување. |

## Индикатор 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

| **Теми** | • **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>• **Ефикасност и распоредување на кадарот**<br>• **Стручната служба како поддршка на наставниот кадар** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Годишна програма за работа<br>• Програма за работа на стручната служба<br>• Досиеја на вработените | - Училиштето располага со доволен број квалификувани наставници (35), согласно нормативите, кои успешно ги исполнуваат своите обврски. Сите вработени редовно присуствуваат на работа и имаат оправдани отсуства. За редовноста на наставниците и техничкиот персонал се води евиденција. Потребно е зголемување на бројот на технички персонал за подобрување на хигиенските услови во училиштето.<br>- Наставниот кадар е распределен пред почетокот на учебната година земајќи го во предвид специфичните потреби на училиштето со вклучување на комбинирани паралелки |

| | |
|---|---|
| кај секретар<br>• Портфолио на наставниците<br>• Разговор со директорот<br>• Разговор со наставниците<br>• Увид во правилник за систематизација | од два профила и тимски наставни пристапи. Со цел да се намали нерамнотежата од недостиг или технолошки вишок по одредени предмети дел од наставниците се распределуваат во други средни и основни училишта. Тимската работа на наставниците ја зголемува соработката и успешноста во наставата. Наставниците редовно посетуваат обуки за професионално усовршување за нови методи во наставата, технологии, нови образовни трендови и развиваат и користат дигитални алатки во планирање и реализација на наставата. Дел од обуките се реализираат преку дисеминација од страна на наставници вработени во училиштето. Изборот на обуките зависи од понудата на системот, но и од тековните потреби на самите вработени.<br>- Стручната служба редовно ги ажурира професионалните досиеја на наставниците, каде се евидентираат сертификати, дипломи и признанија. Следењето на развојните потреби на наставниот кадар и поддршката на учениците е во надлежност на психологот и педагогот, кои се секогаш достапни за стручна помош. Стручната служба помага и нуди решенија за подобро менаџирање на времето и задачите на наставниците што води до поголема ефикасност во наставата. Стручната служба повремено организира обуки за наставниците во области како што се инклузивно образование, работата со ученици со посебни потреби или различни образовни стратегии, со што се обезбедува соодветна поддршка за сите ученици.<br>- Директорот го организира работниот процес преку консултации и меѓусебно почитување. Висококвалитетниот кадар и поддршката од психологот, педагогот и директорот претставуваат основа за успешна работа во иднина. Директорот одредува ментори на наставниците почетници каде искусни наставници ги поддржуваат помладите или нови наставници. Ова обезбедува не само пренос на знаење, туку и создавање на тимски дух и поттикнување на соработката меѓу наставниците.<br>- Училиштето во иднина треба да воведе систем за континуирана евалуација на ефективноста на наставниот кадар и стручната служба, што ќе овозможи брзо откривање на слабости и подобрување на процесот на наставата.Еколошката програма во која е вклучено училиштето предвидува ангажирање на сите субјекти во училиштето, секој со свој придонес во својот домен на планираните активности (наставници, ученици, директор, стручна служба, родители) со безрезервна поддршка на надворешните фактори. |

## Индикатор 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

<table>
<tr><th>Теми</th><th>• Професионален развој на наставниците</th></tr>
<tr><th>Извори на податоци</th><th>Добиени податоци</th></tr>
<tr><td>

- Интерни акти
- Програма за професионален развој на наставниците
- Извештај од самоевалуација
- Анкета со наставници
- Разговор со стручната служба
- Разговор со директорот
- Разговор со наставниците
- Досиеја за наставниците

</td><td>

- Следењето на развојните потреби на наставниот кадар е клучен процес за успешната реализација на воспитно-образовната дејност којдава сигурност дека наставниците имаат соодветни вештини и знаења за да ги исполнат образовните цели и да им обезбедат најдобра поддршка на учениците. Следењето на работата на наставниот кадар се врши преку различни критериуми и активности, како што се посетите на часови од страна на советници од Бирото за развој на образование, ЦСОО, директорот на училиштето и педагогот кои вршат увид во планирањето и имплементацијата на наставните програми. Покрај ова се спроведуваат интервјуа и анкети за добивање повратни информации и анализи кои овозможуваат добивање на корисни информации за понатамошен напредок на секој наставник. На базата на идентификуваните потреби, наставниците изработуваат индивидуални планови за професионален развој. Овие планови се усогласени со нивните лични амбиции и образовните цели на училиштето. Покрај тоа, се следат резултатите од ученички натпревари, како и извештаите за успехот, редовноста и дисциплината на учениците, реализираните проекти и учеството на наставниците во обуки за професионален развој.
- Училиштето овозможува постојана професионална едукација на наставниот кадар, реализација на обуки за иновации во наставата, менторска поддршка, можност за саморазвој на наставниците и соработка помеѓу нив. На овој начин се создава основа за постигнување на образовните цели и постигнување на успешни резултати на учениците. Преку континуирано вложување во професионалниот развој на наставниците, се овозможува тие да бидат подготвени да се соочат со новите предизвици и да обезбедат квалитетно образование./

Податоците од подрачјата **6.3 и 6.4** од **анкетата за наставници (32)**, сумирани клучни аспекти

**Извештај 1:**
**Оценка на наставните активности и инфраструктура**

1. **Реализација на часовите за додатна и дополнителна настава**:
    - Повеќето наставници (24) 75% сметаат дека реализацијата на овие часови е **добра**, додека (8) 25% наставници ја оценуваат како **многу добра**.
2. **Примената на различни наставни форми и методи**:
    - (15) 47%наставници изјавиле дека редовно применуваат различни методи во

</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | наставата, а (17) 53% сметаат дека тоа го прават понекогаш.<br>3. **Примената на техники за оценување**:<br>o За повеќето наставници (15) 47% примената на техники за оценување е **добра**, додека (17) 53% ја оценуваат како **многу добра**.<br>4. **Инвестиции во нагледни средства**:<br>o (21)66% наставник смета дека училиштето треба да инвестира во нови или подобрени нагледни средства, додека (11) 34 наставници сметаат дека тоа можеби е потребно.<br>5. **Хигиена и дисциплина во училиштето**:<br>o Хигиената е оценета како **добра** од (18)56% наставници а, многу добра (14) 44% наставници, додека дисциплината е оценета како **добра** од (18) наставници и **многу добра** од 14 44%.<br>6. **Примената на современи наставни техники и ИКТ**:<br>o (22) 69% наставници редовно користат современи наставни техники и ИКТ во наставата, додека (10) 31% ја применуваат понекогаш.<br>Во анкетата не се забележани негативни одговори.<br><br>**Образовни потреби и предизвици во училиштето**<br>1. **Справување со проблемот на пушење во дворот**:<br>o Повеќето наставници (16) 50% сметаат дека училиштето треба да организира повеќе образовни активности за здравјето, додека (16) 50% предлагаат строго ограничување и контрола.<br>2. **Решавање на проблемот со насилство меѓу учениците**:<br>o (26) 81% наставник смета дека училиштето треба да организира редовни активности и едукација за толеранција, а (6)19% предложиле програма за превенција.<br>3. **Поддршка за ученици со тешкотии и надарени ученици**:<br>o (13)41% наставници сметаат дека училиштето треба да обезбеди дополнителна едукација и прилагодени материјали за ученици со тешкотии, а (19) 59% предлагаат помош од педагошко-психолошката служба.<br>4. **Редовност на учениците**:<br>o (29) 90% наставници изјавиле дека училиштето редовно ја следи редовноста на учениците, што е позитивен показател за дисциплината и контрола (3) 10% наставници не се изјасниле.<br>5. **Препознавање на образовните потреби и тешкотии на учениците**:<br>o (15) 47% наставници сметаат дека училиштето систематски препознава образовни потреби, додека (12)38%сметаат дека тоа е **многу добро** останатите не се изјасниле. |

| | |
|---|---|
| | 6. **Поддршка на педагошко-психолошката служба**:<br>○ Педагошко-психолошката служба е оценета како **многу добра** од (26) 81% наставници, што сугерира дека таа има важна улога во училиштето, а (6) 19% како добра.<br>Овие извештаи нудат јасна слика за актуелните состојби во училиштето, како и области во кои може да се направат подобрувања.<br><br>**Извештај 2 за анкета на ученици (30 ученика)**<br>**1. Реализација на часовите за додатна и дополнителна настава**<br>• **Позитивно**: 43% ученици ја оценуваат реализацијата како **многу добра**, додека 20% ја оценуваат како **добра**.<br>• **Потребно подобрување**: Постојат и ученици кои ја оценуваат реализацијата како **просечна ( 17%**, **лоша 10%** и **многу лоша 10%**, што сугерира дека има простор за подобрување на квалитетот на оваа настава.<br>**2. Примената на различни наставни форми и методи**<br>• **Позитивно**: 53% ученици сметаат дека наставниците **секогаш применуваат различни наставни форми и методи**, додека 30% сметаат дека тоа се случува **понекогаш.**<br>• **Потребно подобрување**: 13% ученици велат дека наставниците **ретко** ги применуваат овие методи, што може да укаже на потребата од повеќе иновации во наставниот процес.<br>**3. Примената на техники за оценување**<br>• **Позитивно**:40% ученици ја оценуваат примената на техники за оценување како **многу добра**, а 23% како **добра**.<br>• **Потребно подобрување**: Некои ученици 27% ја оценуваат примената како **просечна**, а 6% ја оценуваат како **лоша**, што сугерира дека можеби не сите наставници користат ефективни техники за оценување.<br>**4. Инвестиции во нагледни средства**<br>• **Позитивно**: 53% ученици сметаат дека училиштето треба да инвестира во нови нагледни средства, а 40% сметаат дека тоа е можеби потребно.<br>• **Потребно подобрување**: Само 6% ученици сметаат дека тоа не е потребно, но ова сугерира дека генерално има поддршка за модернизација на наставните ресурси.<br>**5. Дисциплина и редовност**<br>• **Позитивно**: 27% ученици ја оценуваат дисциплината како **добра**, додека 13% ја оценуваат како **многу добра**.<br>• **Потребно подобрување**: 37% ученици ја оценуваат дисциплината како **просечна**, и 20% |

| | |
|---|---|
| | како **лоша**, што укажува на потреба од поголем фокус на дисциплината и редовноста во училиштето.<br>**6. Хигиена во училиштето**<br>• **Позитивно**: 40% ученици ја оценуваат хигиената како **добра**, а 6% ја оценуваат како **многу добра**.<br>• **Потребно Подобрување**: 33% ученици ја оценуваат хигиената како **просечна**, а 16% како **лоша**, што укажува на потреба од подобрување на хигиенските услови во училиштето.<br>**7. Учебници за стручни предмети**<br>• **Позитивно**: 57% ученици сметаат дека училиштето има **доволно учебници** за стручните предмети.<br>• **Потребно подобрување**: 43% ученици сметаат дека учебниците **недостасуваат**, што укажува на потреба од пополнување на недостигот во оваа област.<br>**8. Примената на современи наставни техники и ИКТ**<br>• **Позитивно**: 30% ученици сметаат дека наставниците **редовно користат ИКТ** во наставата.<br>• **Потребно подобрување**: 50% ученици велат дека тоа се случува **понекогаш**, а 17% ученици сметаат дека ИКТ се користи **ретко**. Ова сугерира дека треба да се интензивира употребата на современи наставни алатки.<br>**9. Симулации за елементарни непогоди**<br>• **Позитивно**: 30% ученици сметаат дека училиштето организира симулации **понекогаш**, а 20% велат дека тоа се случува **редовно**.<br>• **Потребно подобрување**: 30% ученици велат дека симулациите се организираат **ретко**, а 20% дека **не се организираат воопшто**, што укажува на потреба за поголема подготовка и внимание на елементарни непогоди.<br>**10. Проблемот на пушење во дворот**<br>• **Позитивно**: 43% ученици сметаат дека училиштето може да се справи со проблемот на пушењето преку **ограничување и контрола**, додека 23% сметаат дека треба да се воведат **редовни предупредувања и санкции.**<br>• **Потребно подобрување**: 39% ученици предложиле **образовни активности**, што сугерира дека може да се реализира поголема едукација и свесност за здравствените ризици од пушењето. |

## Индикатор 6.5 Финансиско работење на училиштето

| **Теми** | • **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење**<br>• **Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Финансиски план на училиштето<br>• Годишна програма за работа<br>• Развоен план<br>• Финансиска документација на училиштето<br>• Записници и Одлуки од УО<br>• Записници од тендери и склучени договори<br>• Разговор со директорот<br>• Разговор со наставниците | - Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење.<br>- Училиштето има изготвено финансиски план за јавни набавки Училиштето има три сметки, со кои работи и тие се: Општинска, Буџетска и Самофинансирачка. Трошоците на училиштето во најголем дел се 72% за плати,20% за превоз и 8% за се останато.Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства.Финансиското работење на училиштето се реализира врз основа на целосно почитување на законските прописи;<br>- Училиштето се соочува со постојан недостиг од финансиски средства за целосно покривање на потребите во работењето;<br>- Секоја година се изготвува финансиски план на училиштето во што се вклучени надлежните органи на училиштето, но и самите наставници преку стручните активи;<br>- На почетокот на секоја учебна година се утврдуваат потребите од материјални средства и истите се вградуваат во финансискиот план, кој го одобрува Советот на општината;<br>- Директорот на училиштето на сопствена иницијатива оди на обуки за финансирање;<br>- Редовно се обезбедуваат сите потребни обрасци, книги, Службен весник и други документи неопходни за следење на законските промени;<br>- Постојат пишани акти со кои се регулираат постапките за спроведување на јавните набавки во училиштет;<br>- Директорот секоја година изработува План за јавни набавки и за истиот ги информира вработените;<br>- Секоја година во февруари, Училишниот одбор врши проверка на завршната сметка за изминатата година и истата ја предлага усвојување кај основачот - општината.;<br>- Со одлука на Училишниот одбор се усвојува извештајот на комисијата за попис; |

| | |
|---|---|
| | - За финансиски активности кои се од поголем обем (набавка или отуѓување) се донесува одлука од Училишниот одбор;<br>- Завршната сметка им е достапна и на родителите преку нивните претставници во Училишниот одбор кои се членови и на Советот на родители;<br>- Годишниот буџет со кој располага училиштето е недоволен за целосна реализација на предвидените активности но со голема економичност и рационалност во трошењето и со активно залагање на сите вработени се овозможува континуитет во наставниот процес и постојан напредок.<br><br>Во Прилог е даден спроведениот Анкетен прашалник во кој се опфатени 25 анкетирани.<br>**Анкетен прашалник**<br><br>1. Дали сметате дека финансиското работење во училиштето се темели на почитување на законската регулатива за управување со финансиите?<br>Од извршената анкета 96% анкетирани се со одговор да,2 % не и 2% делумно.<br>2. Дали сметате дека правилно се менаџира со финансиските ресурси во училиштето?<br>Од извршената анкета 90% анкетирани се со одговор да, 2% не и 8% делумно.<br>3. Дали постои транспарентност во трошењето на финансиските средства на училиштето?<br>Од извршената анкета 85% анкетирани се со одговор да, и 15% делумно.<br>4.Дали сметате дека постои недостиг на финансиски средства во училишниот буџет?<br>Од извршената анкета 65% анкетирани се со одговор да, 5% не и 30% делумно.<br>5.Дали мислите дека постои недоволна заинтересираност за финансиска подршка од бизнис заедницата и државните институции?<br>Од извршената анкета 100% анкетирани се со одговор да. |

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Училиштето е во централно градско подрачје и работи во една смена.<br>• Има добро уредени и опремени кабинети.<br>• Реновирана спортска сала и спортски терени со реквизити.<br>• Постои рационална искористеност на просторот.<br>• Подобрена топлотна изолација (заменети прозорци, фасада, кров) и запазени еколошки стандарди со соларни панели и LED осветлување за енергетска ефикасност.<br>• Пристап за лица со попреченост (прилагоден влез во училиштето и тоалет за инвалиди).<br>• Сите наставници се обезбедени со лаптопи за реализација на ИКТ во наставата.<br>• Училиштето располага со богат библиотечен фонд (литература, речници, енциклопедии).<br>• Наставниот кадар е екипиран со доволен број квалификувани наставници.<br>• Редовно присуство и тимски пристап во наставата.<br>• Висок квалитет на менторство и поддршка од директорот и стручната служба.<br>• Можност за професионален и индивидуален развој на наставниците како и учество во обуки, натпревари, проекти.<br>• Активности од БРО, ЦСОО, и внатрешни дисеминации.<br>• Изготвен финансиски план, усогласен со закон.<br>• Вклученост на вработените и органите во буџетското планирање.<br>• Редовни обуки на директорот и транспарентност во донесување одлуки.<br>• Обезбедени обрасци, акти и законски документи. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Застарен котел за парно греење и застарена електрична инсталација.<br>• Потреба од шкафчиња локери индивидуално за секој ученик, клими во училниците, подобра внатршна уреденост на училиштето и уредување на училишниот двор.<br>• Недостаток на инфраструктурниуслови заради инклузија на лицата со попреченост, поставување на лифт во училиштето.<br>• Недостаток на учебници за одредени предмети.<br>• Недоволна технолошка поддршка за реализација на модуларнатанастава.<br>• Недоволен број технички персонал (особено хигиеничари). |

| | |
|---|---|
| | • Недостаток на системи за управување со учење.<br>• Повремени финансиски потешкотии заради недоволен годишен буџет за покривање на сите активности.<br>• Технолошки вишок на наставен кадар. |
| **ПРИОРИТЕТИ** | • **Опремување на работилници и кабинети – со софтвери, техничка опрема и современи помагала за стручно образование**<br>• **Подобрување на условите за учениците - шкафчиња локери, клими во училниците, подобра внатрешна уреденост на училиштето и уредување на училишниот двор**<br>• **Финансиска стабилност – обезбедување дополнителни средства преку проекти, спонзорства и донации**<br>• **Воведување на системи за управување со учење LMS -дигитални платформи заради планирање, доставување, следење и евалуација на едукативниот процес – најчесто во онлајн или комбинирано учење** |

# Подрачје 7. Управување, раководење и креирање политики

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 7.1 | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |
| 7.2 | Цели и креирање на училишната политика | • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедури и креирање на училишна политика |
| 7.3 | Развојно планирање | • Цели на развојнотопланирање<br>• Професионален развој/стручно усовршување накадарот<br>• Материјално – техничкисредства<br>• Инфраструктура |

## Индикатор 7.1 Управување и раководење со училиштето

| Теми | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Закон за средно образование<br>• Статут на училиштето<br>• Записници од состаноци на Училишен Одбор<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Интервју со директор<br>• Интервју со претседател на Училишен Одбор<br>• Записници од наставнички совет<br>• Одлуки и извештаи од Училишен одбор<br>• Програма за работа на директорот<br>• Анкета со наставници, ученици и родители | Управувањето и раководењето со училиштето го спроведува Училишниот одбор, Советот на родители и Директорот на училиштето. Надлежностите за управување и административните задачи се јасно дефинирани и се во склад со Законот за средно образование.<br><br>Врз основа на спроведеното интервју со претседателот на училишниот одбор, за темелна евалуација на работата на органот за управување, се донесе заклучок дека училишниот одбор ги информира директорот и наставниците за својата работа на Наставнички совет, преку огласна табла и архивата на училиштето. Според спроведеното интервју, претседателот на училишниот одбор е задоволен од соработката со членовите во училишниот одбор, има солидна комуникација, интеракција и инвентивност. Исто така, врз основа на интевјуто се заклучи дека има одлична соработка со директорот на училиштето, кој секогаш е спремен за дискусија и решавање на сите потребни прашања.<br>Состаноците на училишниот одбор се одржуваат по потреба, обично еднаш месечно. Претседателот на училишниот одбор смета дека училиштето успешно се промовира во локалната заедница со поддршка на сите надлежни во училиштето и заедницата.Визија на училишниот одбор за училиштето во наредните 5 години е полни училници, полно училиште со мотивирани ученици желни за учење, личен развој и усовршување на сопствените вештини и способности. Заклучокот од разговорот со претседателот на училишниот одбор беше дека сите прашања од надлежност на училиштето, УО ги разгледува темелно, сеопфатно и концизно. Врз основа на се претходно кажано заклучуваме дека Училишниот Одбор (понатаму УО), како највисок орган на управување на училиштето е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО.Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на УО, а се одржуваат со мнозинство членови, со потребниот кворум. Има воспоставено партнерски однос помеѓу Раководниот орган на училиштето и УО како и другите образовни |

| | |
|---|---|
| | структури.Преку Наставничките совети сите наставници се информирани за одлуките на Училишниот одбор кои се однесуваат на воспитно-образовниот процес. Исто така УО им обезбедува редовни информации за својата работа и на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.<br><br>Раководниот тим при разрешувањето на проблемите во училиштето е во постојан контакт и консултации со вработените во училиштето, а особено со наставничкиот кадар. Консултации се вршат со: Училишен Одбор, Советот на родителите, Наставничкиот совет, Советите на паралелките и други комисии и работни групи. Состаноци на раководниот тим се одржуваат редовно и по потреба. Членовите се редовни на состаноците, така што нема случаи на одлагање на истите. Сите закажани состаноци се одржуваат со потребниот кворум за работа и сите одлуки се донесуваат со целосна поддршка.<br><br>Програмата за работа на директорот е восогласност со потребите и целите на воспитно-образовниот процес, како и потребите на вработените. Во фокусот на програмата се и средбите со родителите и учениците, соработката со МОН и БРО, ДИЦ, локалната самоуправа, како и претставници од бизнис заедницата.<br>Раководниот орган има изградено јасна визија за развојот на училиштето, има способност ефикасно да делегира задачи и да комуницира со вработените, учениците и родителите. Раководниот орган успешно се фокусира на приоритетите на училиштето, а притоа во фокусот се потребите на учениците, нивниот личен развој, подобрување на условите за работа во училиштето, како и личен развој и усовршување на наставниот кадар. Раководниот орган ги поттикнува вработените на тимска работа, го оценува квалитетот на нивната работа и ги насочува и мотивира постојано да се развиваат и подобруваат во интерес на учениците и подигање на имиџот на училиштето. Раководниот орган донесува одговорни одлуки и воспоставува долгорочни и цврсти партнерства со локалната заедница и бизнис заедницата.<br>Училиштето редовно се промовира преку официјалната веб страница, преку социјалните мрежи, локални радио станици и на различни настани организирани од локалната самоуправа. |

## Индикатор 7.2 Цели и креирање на училишната политика

| Теми | • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедури и креирање на училишна политика |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Развоенпланнаучилиштето<br>• Интервју со директор<br>• Интервјусопретседател на УО<br>• ЗаписнициодНаставничкисовет<br>• Записници од Совет на родители и родителски средби<br>• Записнициод седници на УО<br>Анкетасонаставници, ученици и родители | Целите на училиштето се координирани според државната и локалната образовна политика. Целите се насочени кон подигнување на квалитетот на наставата, прилагодување на наставата кон потребите на учениците и кон подготовка на учениците за работа и конкурентност на пазарот на трудот. Поставените цели се фокусирани кон извлекување на максимумот од учениците во нивните постигања и нивно оспособување да го применат стекнатото и тековното знаење во пракса.<br>Наставниците се запознаени и учествуваат во креирање на целите преку наставнички совети и учество во тимови при изработка на самоевалуација, развоен план и годишни програми за работа, родителитесе запознаени и учествуваат во поставување на целите преку седниците на совет на родители и преку претставниците во Училишниот одбор, а учениците учествуваат во креирањето на целите и во нивна реализација преку учество во средношколската заедница и преку секојдневните активности во училиштето.<br>Училиштето соработува со сите релевантни субјекти(наставници, ученици, родители, локалната и бизнис заедница) за да помогнат во остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз имиџот на училиштето и секако влијаат на зголемена мотивација и кај учениците и кај вработените, како и целокупно подобрување на училишната клима.<br>Училишната политика се креира преку активна работа на училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет, средношколската заедница, сите претседатели на стручните активи, раководниот тим и координаторите на проектните активности. Вработените активно учествуваат во креирањето на стратегиите преку стручните активи. Училиштето секогаш навремено информира за сите активности и планови за некоја активност. Раководниот тим редовно ги зема предвид мислењата, сугестиите и предлозите на наставниците, учениците и родителите при креирање на училишната политикаОдговорен за креирање на училишната политика е директорот, училишниот одбор и стручната служба во училиштето (педагог и психолог). За креирање на училишната политика се информираат сите заинтересирани субјекти. Наставниците се информираат и земаат учество во креирањето научилишната политика преку Наставнички совет, родителите преку Советот на родители, а учениците преку класниот раководител и преку средношколската заедница. |

| | |
|---|---|
| | Во училиштето се почитуваат и се спроведуваат сите потребни процедури за креирање на училишната политика<br><br>Врз основа на спроведените анкети во врска со креирањето на целите и училишната политика на училиштето, каде се анкетирани ученици, родители и наставници, добиени се следните податоци:<br><br>**Ученици:**<br>- 55% од анкетираните учениците се изјасниле дека се информирани за училишната политика, 43% се изјасниле дека учествуваат во креирање на училишната политика,<br>- 64% од анкетираните ученици се изјасниле дека се задоволни од работењето на раководниот тим и 73% сметаат дека училиштето е успешно раководено,<br>- 35% од учениците се изјасниле дека се целосно информирани за развојното планирање, а 46% се изјасниле дека се делумно информирани за развојното планирање, заклучок е дека 81% се генерално запознаени со развојното планирање на училиштето,<br>- 62% од испитаниците одговориле со „Да“ на прашањето дали раководниот тим дава доволно поддршка за потребите на учениците, 34% одговориле „Делумно“, што значи дека 96% од учениците сметаат дека раководниот тим целосно или делумно ги поддржува учениците;<br>- 52% одговориле со „Да“, а 28% со „Делумно“ на прашањето дали учениците учествувале во размена на идеи за донесување на одлуки за животот и работата на училиштето, што значи генерално 80% од испитаниците учествуваат во размена на идеи кога станува збор за одлуки за животот и работата на училиштето;<br><br>- Исто така, 80% од анкетираните ученици се изјасниле дека целосно (57%) или делумно (23%) се запознаени со тоа кои наставници се членови на училишниот одбор;<br><br>**Родители:**<br>- Од 20 анкетирани родители 60% се изјасниле дека училиштето ги консултира при креирањето на училишната политика, 26% дека делумно се консултирани а другите 14% дека не се консултирани.<br>- Дека раководниот орган ги спроведува училишните политики од областа на меѓуетничката интеграција и инклузијата позитивно се изјасниле 54% од родителите, 26% дека делумно тоа го знаат а 20% дека не знаат.<br>**Од анкетата за наставници:** |

| | |
|---|---|
| | • На прашањето „Дали сте запознаени со работата и надлежностите на училишниот одбор?“ 13 од вкупно 16 испитаници односно, 81,25% одговориле со Да;<br>• На прашањето „Дали знаете кои наставници од колективот се членови на училишниот одбор?“ 1 или 6% одговориле „Не“, 3 или 18% делумно, 12 или 75% одговориле со Да;<br>• Дали раководниот тим ве информира за училишната политика? 1- не, 2- делумно, 13 односно 81,25% со Да<br>• Дали сте вклучени во креирањето на училишната политика? 4 или 25% одговориле со Делумно, 3- не, 9 од 16 испитаници односно 56,25% одговориле со Да;<br>• Дали сте задоволни од работата на раководниот тим? 2 делумно, 14 да или 87,5 % се задоволни од работата на раководниот тим<br>• Дали сте информирани за развојното планирање на училиштето? 2 делумно, 14 – 88% да<br>• Дали сте вклучени во развојното планирање на училиштето? 1 не, 2 делумно, 13 да<br>• Дали раководниот тим дава доволно поддршка за потребите на наставниците? 2 делумно, 14 да<br>• Дали сметате дека постои добра соработка помеѓу раководниот орган и наставниците? 2 делумно, 14 да<br>• Дали училиштето успешно се промовира во локалната заедница? 14 да, 2 делумно<br>• Дали во училиштето подеднакво се почитуваат и применуваат правилниците за педагошки и дисциплински мерки? 1- не, делумно-2, 13- 81,25% да;<br>• Дали имате нешто дополнително што би сакале да кажете во врска со работењето на раководниот орган, а не е опфатено со претходните прашања? 15 – 94% не, 1 да<br>• Ако на претходното прашање одговоривте со ДА, ве молиме образложете во графата десно. Немаше коментари. |

## Индикатор 7.3 Развојно планирање

| Теми | • Цели на развојното планирање<br>• Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>• Материјално – технички средства<br>• Инфраструктура |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени податоци** |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Интервју со директор<br>• Интервју со претседател на УО<br>• Анкета со родители<br>• Финансиски план на училиштето<br>• Анкета со ученици<br>• Анкета сонаставници<br>• Годишен план за јавни набавки<br>• Пописни листи<br>• Развоен план на училиштет<br>• Апликации на училиштето за обезбедување на средства | • Целите на развојното планирање се поставуваат за да може училиштето да напредува и да се развива континуирано. Целите се поставуваат во согласност со приоритетите и потребите на училиштето кои произлегуваат од спроведената анализа и самоевалуација. Целите на развојното планирање се вградени и во годишната програма за работа на училиштето која се изработува секоја наставна година, на почетокот на годината. Одговорен за Годишна програма за работа на училиштето е директорот и училишниот одбор, но во изработката на истата се вклучени и стручната служба и одреден тим од наставници. За спроведување на активностите предвидени во годишната програма за работа во текот на целата учебна година одговорни се сите вработени во училиштето. Сите наставници се вклучени во тимовите кои го изготвуваат развојното планирање на училиштето.Целите на училиштето се усогласени со државната и локалната образовна политика и преку целите се отсликани потребите на училиштето. При нивно дефинирање се земени предвид ставовите на директорот, наставниците, родителите,учениците и претставници од локалната заедница и бизнис заедницата. Училиштето има изготвено план за следење, спроведување и успешност на реализација на активностите. На крајот на секое тромесечие се изготвува извештај за работа на училиштето во тоа тромесечие и преку извештајот се согледува до каде се стигнати сите чинители на воспитно-образовниот процес со реализирање на поставените цели во годишната програма за работа на почетокот на годината.<br>•Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и на учениците и на наставниците и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето.Наставниците редовно се упатуваат на обуки од страна на директорот секогаш кога има понудени обуки од страна на БРО, МОН или други институции, притоа се води грижа сите наставници да бидат опфатени и секој да добие шанса да посетува некаков вид на обука, било да е тоа онлајн или со физичко присуство. Исто така, наставниците и самостојно аплицираат и посетуваат одредени обуки кои се во поле на нивен интерес, како на пример обуки за мировно образование организирани од Прва Детска амбасада Меѓаши итн. |

| | |
|---|---|
| | Во однос на материјално- технички средства, во изминатите две години беше извршено комплетно реновирање на плафонска површина во спортската сала, потоа беа поставени фотоволтаични панели,извршена беше и замена на водоводната мрежа во тоалетите. По дадена дозвола од страна на општината се изврши и расходување на врати и прозорци и уредување на задниот дел од училишниот двор.<br>• Една од најважните активности поврзани со материјално- техничките услови е и комплетната реконструкција на фасадата на училиштето;<br>• Секоја година се врши редовна дезинфекција и дератизација на училиштето, редовно белење на училниците и училишните холови;<br>• Инфраструктурата на училиштето е прилагодена и за ученици со посебни потреби бидејќи има пристапна рампа и посебно прилагоден тоалет;<br>• Годишното планирање ги опфаќа сите податоци кои се потребни реално да ја прикажат сликата за училиштето; Реализирањето на планираното постојано се следи од директорот на училиштето, од психологот, наставниците, училишниот одбор, советот на родители, учениците, родителите итн.<br>• Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема (како на пример ЛЦД проектори во сите училници) се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување.<br>• Компјутерите (околу 20 компјутери), кои беа обезбедени како донација од Маркарт и распределени во кабинети, редовно се користат, особено од учениците кои се подготвуваат за вонаставни активности;<br>• Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето. За таа цел има воспоставено соработка со локалната самоуправа , обезбедува сопствени средства и средства од донатори за наменски цели.<br>• Како нешто кон што треба да пристапиме во следна фаза е уредување на училишниот двор со цел тој да биде привлечно место за учениците каде ќе можат да се дружат за време на одморите и после училиште; |

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Висок степен на професионалност, компетентност и посветеност на раководниот кадар при извршување на работните задачи и реализирање на поставените цели;<br>• Ефикасно, законски исправно и успешно функционирање на Училишниот одбор со навремено донесени одлуки, како и коректна комуникација и воспоставен партнерски однос со раководниот кадар во училиштето;<br>• Активно и ефикасно функционирање на сите тела во училиштето- УО, Совет на родители, Наставнички совет, Средношколска заедница, Активи по предмети;<br>• Редовно, навремено и квалитетно изготвување на сите документи во училиштето како што е Развоен план, Самоевалуација, Годишна програма за работа, Извештаи во текот на целата наставна година, како и спроведување на целите поставени во овие документи;<br>• Реализирани важни активности поврзани со материјално- технички средства, како што е реконструкција на фасада;<br>• Успешно креирање и спроведување на училишната политика; |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Недоволна вклученост на одредени родители во работата на Советот на родители и покрај тоа што се навремено известени за сите активности и состаноци;<br>• Недоволен интерес и амбиција од страна на одредени ученици за поголемо вклучување во активностите кои се спроведуваат во училиштето и целокупниот училишен живот;<br>• Недоволна мотивираност кај дел од наставниците за поактивно вклучување во креирањето на училишната политика и поставување и реализирање на одредени цели;<br>• Недоволно уреден училишен двор, потребно е да биде приоритет во иднина. |
| **ПРИОРИТЕТИ** | • **Поактивна улога на класните раководители во вклучување на што поголем број родители во активното учество и придонес кон работата на Советот на родители;**<br>• **Мотивирање на што поголем број ученици, од страна на класните раководители и сите наставници, за активно вклучување во вонннаставни активности, креирање и спроведување на политики во училиштето кои се во интерес на учениците, а ова ќе се постигне преку вклучување на што поголем број ученици во планирање и реализирање на настани надвор од редовните часови;**<br>• **Поттикнување на сите наставници активно да земат учество во работата на активите, наставничкиот совет и советите на паралелки со цел сите заедно да помогнат во креирање на уште поуспешна училишна политика во насока на издигнување на имиџот на училиштето, понуда на поинтересни и иновативни профили за изучување** |

| | |
|---|---|
| | **и привлекување на посолидни ученици;**<br>• **Барање поддршка од локалната самоуправа за воведување на нови поатрактивни профили;**<br>• **Реновирање и разубавување на училишниот двор во наредните две години.** |

**ДИРЕКТОР**
**м-р Васко Трајковски**